Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

2015

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>Република Македонија<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 20.04.2016 година |
| Уредници: | Марија Леова Димеска - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Канцеларија за односи со јавноста и комуникација |
| Наслов: | Годишен извештај на Управа за јавни приходи за 2015 година |

ISSN: 1857-7121
Бр: 20-2825/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/113

**2016 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

# С О Д Р Ж И Н А


| | |
|---|---|
| 4 | ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ |
| 5 | КРАТЕНКИ |
| 6 | ЛИЧНА КАРТА |
| 8 | МИСИЈА ВИЗИЈА ВРЕДНОСТИ |
| 10 | ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО 2015 |
| 16 | ПОСТАПКИ НА НАПЛАТА |
| 22 | НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ |
| 23 | ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ |
| 28 | ДАНОК НА ДОБИВКА |
| 34 | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД |
| 40 | ИНТЕГРИРАНА НАПЛАТА НА ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК И СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА |
| 51 | СЕКОГАШ ЧЕКОР ПОНАПРЕД |
| 69 | ВИСОК СТЕПЕН НА ДОБРОВОЛНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ |
| 73 | УЈП ДА СТАНЕ МЕСТО НА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ |
| 77 | УЈП ДА ЗАЗЕМЕ СООДВЕТНО МЕСТОТО И ДА УЧЕСТВУВАМЕ ВО СИТЕ ЗБИДНУВАЊА ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА |
| 80 | СТАТИСТИКА |




*Почитувани читатели,*

*На функцијата Директор на Управата за јавни приходи стапив при крајот на 2015 година. Преземав една сложена организација од големо општествено значење, во која течеа многу отворени процеси и предизвици, со проблеми и придобивки, организација со свои очекувања и надежи.... Затоа, моето обраќање е повеќе посветено на иднината, а помалку осврт на изминатата година. За тоа повеќе ќе говори извештајот кој следи. Во најголемиот дел од 2015 година, Управата за јавни приходи својата енергија ја насочи кон имплементација на стратешките приоритети, како и јакнењето на професионализмот и интегритетот во постапувањето, унапредување на човечкиот капитал и системот на раководење во Управата, како и во борба против корупцијата и даночното затајување.*

*Во таа насока беа спроведени бројни активости кои што придонесоа вкупниот износ на наплатени јавни давачки во 2015 година да биде поголем во однос на апсолутниот износ наплатен во 2014 година, со што обезбедивме непречено одвивање на државните функции. Пред нас останува предизвикот овој тренд да го продолжуваме и понатаму, во следните години. Во наредната година главен предизвик ќе ни преставува воспоставување на организациска култура која што ќе овозможи јакнење на клиентскиот пристап на институцијата кон даночните обврзници, од една страна и јакнење на интерната кохезија и поврзаност на процесите, од друга страна. Со цел да ги определиме стратешките правци за развој на институцијата на среден рок, со експертска помош на Секторот за фискални работи на Меѓународниот монетарен фонд во рамки на Програмата „Реформирање и модернизација на даночните управи во југисточна Европа - FAD_EUR_2010_02"(2015-2020 година) и со финансиска поддршка од Европските фондови, ќе спроведеме оценка на постоечкото ниво на развој на Управата за јавни приходи со користење на ТАДАТ методологијата. Ќе бидеме прва даночна администрација во Европа која што го спровела овој процес со новата методологија. Оценката на фактичката состојба ќе ни овозможи изработка на сеопфатна стратегија на институцијата со нов квалитет, со акцент на доброволната даночна усогласеност, развој на човечките ресурси и техничко - технолошка модернизација која ќе овозможи автоматизирање на најголем дел од деловните процеси. Планираме во 2016 година да ја извршиме сертификација на институцијата по стандардот за управување со квалитет ИСО 9001:2008, да воведеме низа нови услуги за даночните обврзници, нови мобилни даночни шалтери, нов Контакт центар со нови услуги за даночните обврзници, активности кои што ќе се спроведат во рамките на твининг проектот со Шпанската даночна управа, на задоволство на даночните обврзници. Останува и обврската да бидеме поблиску до граѓаните и компаниите, со цел да го олесниме процесот на нивната даночна усогласеност.*

*Со почит,*

*ДИРЕКТОР*

*Кирил Миноски*

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ГД** | Генерална дирекција |
| **ДА** | Даночна академија |
| **ДГДО** | Дирекција за големи даночни обврзници |
| **ДД** | Данок на добивка |
| **ДДВ** | Данок на додадена вредност |
| **ДИ** | Даночен инспекторат |
| **ДО** | Даночно одделение |
| **ДШ** | Даночен шалтер |
| **ЗПЗСО** | Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување |
| **ИТФЛ** | ИТ Форензик лабораторија |
| **МДШ** | Мобилен даночен шалтер |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НИС** | Надзорниот информациски систем |
| **ПДД** | Персонален данок на доход |
| **ПЗО** | Придонес за здравствено осигурување |
| **ПОН** | Придонес за осигурување во случај на невработеност |
| **ППИО** | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување |
| **РД** | Регионална дирекција |
| **РДТ** | Радиодифузна такса |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |
| **ФПИО** | Фонд за пензиоско и инвалидско осигурување |
| **ФСО** | Фискален систем на опрема |
| **ЦВ** | Центар за впаричување |
| **ЦНГ** | Центар за наплата на глоби и други јавни приходи |
| **ЦОП** | Центар за обработка на пријави |
| **ЦРМ** | Централен регистар на Република Македонија |

# ЛИЧНА КАРТА

| | |
|---|---|
| **ОПШТИ ПОДАТОЦИ** | |
| Назив | Управа за јавни приходи (УЈП) |
| Правна форма | Орган на државна управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице |
| Функционира | Единствено на територијата на Република Македонија |
| Седиште | Скопје |
| Адреса | ул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр.1, 1000 Скопје |
| Конститутивен акт | Закон за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.80 од 30.12.1993 година) |
| Раководење | Директор |
| Избор на директор | Директорот и неговиот заменик ги именува и разрешува Владата на РМ на период од четири години |
| **Финансирање** | • Буџет на Република Македонија<br>• Приходи од склучени договори за вршење контрола и наплата на јавни давачки<br>• 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати<br>• Други приходи утврдени со пропис |
| **Постапување** | Закон за Управата за јавни приходи, Закон за даночна постапка, законите со кои се уредуваат одделни видови даноци и ратификуваните меѓународни договори |
| **Надлежности** | • Спроведување на законите и други прописи за даноците<br>• Регистрација на даночни обврзници, доделување ЕДБ и водење регистар на даночни обврзници<br>• Прием на даночни биланси, извештаи и пријави, водење даночни евиденции, утврдување на даноци, наплата и поврат на даноци<br>• Утврдување и наплата на други јавни давачки согласно закон или договор<br>• Наплата на парични казни, глоби и трошоци изречени во парнични, прекршочни, кривични и управни постапки во корист на РМ<br>• Инспекциски надзор<br>• Следење и анализирање на даночните приходи<br>• Давање појаснување на даночни обврзници во примена на прописите за даноците обезбедување јавност во работата<br>• Воведување, организирање, користење и развој на единствен даночен информационен систем<br>• Издавање на уверенија, потврди и други документи за платени даноци<br>• Донесување на финансиски план, програма и планови за работа<br>• Соработка со даночни органи на други држави<br>• Примена на меѓународните договори од областа на даноците и давање меѓународна правна помош |
| **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |
| **Основни акти** | Акт за организација, Акт за систематизација, Колективен договор на УЈП, Кодекс на етика |
| **Вработени** | 1,349 вработени (состојба на 31.12.2015) |
| Пол | Жени ..........725<br>Мажи ..........624 |
| Статус | Даночни службеници / Државни службеници / Вработени согласно Законот за работни односи |
| Старост | од 20 до 29 години..........80<br>од 30 до 39 години..........310<br>од 40 до 49 години..........210<br>од 50 до 59 години..........480<br>од 60 до 64 години..........269 |
| Образование | Високо образование..........61% (823 лица)<br>Вишо образование..........9,3% (126 лица)<br>Средно образование..........28,2% (381 лица)<br>Основно образование..........1,4% (19 лица) |
| **Функции** | Утврдување и наплата на данок.......... 365<br>Даночен инспекторат.......... 254<br>Присилна наплата на долгови.......... 135<br>Регистрација и услуги на даночни обврзници.......... 269<br>Стратешко планирање, анализа, статистика и мерење на учиноци.......... 22<br>Правни работи.......... 49<br>Информациска технологија.......... 46<br>Останато.......... 209 |
| **Ден на УЈП** | Свети Матеј - заштитник на даночниците (29-ти Ноември) |
| **Награди и признанија** | Плакета за посебен придонес и поддршка на модернизацијата<br>Пофалница за професионалност и ефикасност во работата<br>Признание за долгогодишна работа по повод пензионирање |

## ОРГАНИЗАЦИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Основна структура | ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА | Дирекција за големи даночни обврзници | |
| | | Регионална дирекција Скопје | 42 ШАЛТЕРИ |
| | | Регионална дирекција Битола | Даночно одделение Охрид<br>Даночно одделение Прилеп |
| | | Регионална дирекција Тетово | Даночно одделение Гостивар<br>Даночно одделение Кичево |
| | | Регионална дирекција Штип | Даночно одделение Куманово<br>Даночно одделение Струмица |
| | | Регионална дирекција Кавадарци | Даночно одделение Велес<br>Даночно одделение Гевгелија |

**Организација на Генерална дирекција** — **ДИРЕКТОР**

ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР

ПОМОШНИК ДИРЕКТОР

- Кабинет на директорот
- Канцеларија за односи со јавноста и комуникација
- Даночна академија
- Единица - Професионални стандарди
- Единица - Внатрешна ревизија

**СЕКТОРИ**

- Услуги на даночни обврзници и даноци
- Генерален даночен инспекторат
- Утврдување и наплата на данок
- Присилна наплата
- Стратешко планирање, анализа и статистика
- Правни работи
- Информатичка и комуникациска технологија
- Човечки ресурси
- Меѓународни односи
- Буџет и финансии
- Општи и заедднички работи

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | 2014 година | 2015 година |
|---|---|---|
| Приходи на УЈП | 1,177,257,535<br>714,335,489 од Буџет на РМ и 462,922,046 од сопствени приходи | 1,265,963,618<br>757,122,077 од Буџет на РМ и 508,841,541 од сопствени приходи |
| Расходи на УЈП | 1,003,979,769 МКД | 1,107,237,509 МКД |
| Приход/вработен | 920,452 МКД | 938,446 МКД |
| Расход/вработен | 784.972 МКД | 820,784 МКД |
| Наплатени јавни приходи/вработен | 90.025.015 МКД | 91,866,359 МКД |
| Наплатени даноци/вработен | 48.360.393 МКД | 49,390,153 МКД |

# МИСИЈА

Нашата мисија е да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

# ВИЗИЈА

Нашата визија е да ги достигнеме практиките и стандардите на современите даночни администрации и да претставуваме модел за професионална организација во јавниот сектор.
Во периодот 2015-2017 година и потоа, Управата за јавни приходи ќе се соочи со предизвик на широк процес на реформи кој подразбира институционално зајакнување преку реорганизација на институцијата и изградба на структура за раководење и управување со промените, а преку изградбата на нов ИТ систем да спроведе техничка и технолошка модернизација на работните процеси, целосна автоматизација на интерните процеси и на услугите на даночните обврзници и да воспостави интерконекција и интероперабилност со националните институции, а потоа и со институциите на ЕУ.

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ И ВРЕДНОСТИ

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.43/14...61/15), Директорот на Управата за јавни приходи донесе нова Политика за управување со квалитет (бр.02-7709/1 од 28.12.2015 година), согласно која Управата за јавни приходи воспоставува ефективен систем за управување со квалитет:

Управата за јавни приходи да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики и стандардите за квалитет.
За да ја оствариме нашата визија продолжуваме да го зајакнуваме административниот капацитет и да ги подигнуваме квалитативните стандарди во работењето. Започнавме да внесуваме нова клима во работењето на даночната администрација, која подразбира квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите. Управата за јавни приходи креира единствена политика за подобрување на квалитетот на услугите, обезбедување на поедноставни даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и другите јавни давачки во Република Македонија. Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница. Со исполнувањето на меѓународните стандарди за современо работење и на ИСО 9001:2008, ќе се создадат услови за подобрување на управувањето на работните процеси и раководењето со човечките ресурси што се очекува да резултира со подигнување на продуктивноста и на севкупното работење на институцијата.

Управата за јавни приходи воспоставува ефективен систем за управување со квалитет, преку негување на следните вредности:

- **Професионалност** која обезбедува законски, објективен, ефикасен, едноставен и еднаков однос кон сите даночни обврзници и користење на податоците за даночните обврзници само за целите во надлежност на УЈП.
- **Услужност** која на даночните обврзници им обезбедува брз и лесен пристап до информациите кои им се потребни за навремено и законско исполнување на даночните обврски.
- **Грижа за човечкиот капитал** преку промовирање и поттикнување на лидерството, објективно вреднување на вештините и на знаењето, но и на времето и вложениот труд на вработените
- **Управување и раководење** врз основа на внатрешните и надворешните потреби на корисниците на услугите (ИСО 9001:2008 системот за квалитет) и утврдените рицизи во сите сфери на работењето во институцијата.
- **Борба против корупцијата и неплаќачите на данок** раководејќи се од основните уставни права дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

А од даночните обврзници истовремено очекуваме:

Искреност и чесност во меѓусебната соработка;

Навремено доставување на точни и целосни информации кои се потребни за водење на постапките;

Плаќање на даноците во законски пропишаните рокови;

Водење на книгите и евиденциите на пропишан начин; и

Редовно известување за промените на основните податоци.

# ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЦИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО 2015 ГОДИНА

Со Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.155/2014), беше проектиран износ на приходи во висина од 188,743,025,000 денари (приходи и приливи) од кои даночните приходи и придонесите како дел од Основниот Буџет и фондовите со кои администрира Управата за јавни приходи (УЈП), беа планирани во висина од 119,462,710,000 денари, или од наплата на даноците 62,305,000,000 денари и од наплата на придонесите 57,157,710,000 денари.
На 24.08.2015 година, извршен е Ребаланс на Буџетот со кој Буџетот на Република Македонија за 2015 година (приходи и приливи) е проектиран во висина од 195,238,106,000 денари („Службен весник на Република Македонија", бр.144/2015) што претставува зголемување од првиот план за 3,44%. Во тие рамки, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи се планирани во висина од 123,695,872,000 денари, што претставува зголемување од првиот план за наплата на приходите од УЈП за 3,54%.
Со тоа, УЈП се задолжува за наплата на 63,36% од средствата кои го формираат Буџетот на Република Македонија (приходи и приливи).
По извршениот Ребаланс, даночните приходи се планирани во висина 68,063,000,000 денари, што значи дека истите се зголемени за 5,758,000,000 денари или за 9,24%.

Планот за даночните приходи за 2015 година е намален за данокот на Додадена вредност и зголемен за Данокот на добивка и за Персоналниот данок на доход, и тоа:

- Данокот на добивка се планира да се наплати во износ од 10,358 милиони денари, што претставува зголемување за 5,226 милиони денари или за 101,83% во однос на првиот Буџет план;
- Персоналниот данок на доход се планира да се наплати во износ од 13,213 милиони денари, што претставува зголемување за 1,724 милиони денари или за 15,01% во однос на првиот Буџет план;
- Приходите од ДДВ се планираат во износ од 44,492 милиони денари, што претставува намалување во однос на првиот Буџет план од 1,192 милиони денари или за 2,61%.

| Даноци | Буџет план 2015 | План 01-08/2015 | Наплата 01-08/2015 | Индекси: нап/пл. 01-08/2015 | Ребаланс 2015 | Намалување/ зголемување | % на намалување/ зголемување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДД | 5,132 | 3,678 | 8,862 | 240,95 | 10,358 | +5,226 | 101.83 |
| ПДД | 11,489 | 7,273 | 8,003 | 110,03 | 13,213 | +1,724 | 15.01 |
| ДДВ | 45,684 | 29,342 | 27,325 | 93,13 | 44,492 | -1,192 | -2.61 |
| **Вкупно** | **62,305** | **40,293** | **44,190** | **109,67** | **68,063** | **5,758** | **9,24** |

**Придонесите** како дел од Основниот Буџет и фондовите со Првиот Буџетски план беа проектирани во износ од 57,157,710,000 денари. Со Ребалансот на Буџетот на РМ социјалните придонеси се проектирани во висина од 55,632,872,000 денари, односно, намалени во однос на претходниот план за 1,524,838,000 денари или 2,67%.
Планот на придонесите за 2015 година, по извршениот Ребаланс на Буџетот, е намален за Придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и за Придонесите за осигурување во случај на невработеност, а зголемен е за Придонесите за здравствено осигурување, и тоа:

- Придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се планира да се наплатат во износ од 31,838.7 милиони денари, што претставува намалување за 1,509 милиони денари или за 4,53% во однос на првиот Буџет план;
- Придонесите за осигурување во случај на невработеност се планира да се наплатат во износ од 1,972 милиони денари, што претставува намалување за 27.8 милиони денари или за 1,39% во однос на првиот Буџет план;
- Придонесите за здравствено осигурување се планира да се наплатат во износ од 21,822 милиони денари, што претставува зголемување за 12 милиони денари или за 0,06% во однос на првиот Буџет план.

| Придонеси | Буџет план 2015 | План 01-08/2015 | Наплата 01-08/2015 | Индекси: нап/пл.01-08/2015 | Ребаланс 2015 | Намалување/ зголемување во мил. ден. | % на намалување/ зголемување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ППИО | 33,347,7 | 21,682 | 20,812 | 95,99 | 31,838,7 | -1,509 | -4,53% |
| ПЗО | 21,810 | 14,725 | 14,724 | 99,99 | 21,822 | +12 | 0,06% |
| ПОН | 2,000 | 1,249 | 1,318 | 105,52 | 1,972 | -28 | -1,39% |
| **Вкупно** | **57,157,7** | **37,657** | **36,854** | **97,87** | **55,632,9** | **-1,525** | **-2,67%** |

## Планирани приходи од даноци и социјални придонеси од плата по првиот Буџетски план и по извршениот Ребаланс на Буџетот на РМ за 2015 година

| | БУЏЕТ ПЛАН | РЕБАЛАНС | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **БУЏЕТ НА РМ - Буџетска сметка** | 188,743,025,000 | 195,238,106,000 | | | 100.00% |
| **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ** | 119,462,710,000 | 123,695,872,000 | | 100.00% | 63.36% |
| **Даночни приходи** | 62,305,000,000 | 68,063,000,000 | 100.00% | 55.02% | 34.86% |
| *Данок на добивка* | 5,132,000,000 | 10,358,000,000 | 15.22% | 8.37% | 5.31% |
| *Персонален данок на доход* | 11,489,000,000 | 13,213,000,000 | 19.41% | 10.68% | 6.77% |
| *ДДВ* | 45,684,000,000 | 44,492,000,000 | 65.37% | 35.97% | 22.79% |
| **Придонеси од плата** | 57,157,710,000 | 55,632,872,000 | 100.00 % | 44.98% | 28.49% |
| *Пензиско и инвалидско осигурување* | 33,347,710,000 | 31,838,710,000 | 57.23% | 25.74% | 16.31% |
| *Здравствено осигурување* | 21,810,000,000 | 21,822,000,000 | 39.23% | 17.64% | 11.18% |
| *Осигурување при невработеност* | 2,000,000,000 | 1,972,162,000 | 3.54% | 1.59% | 1.01% |

Во 2015 година, Управата за јавни приходи наплати вкупно 122,957,584,920 денари даноци и социјални придонеси од плата, што претставува 99,40% од планираните износи, а 62,98% од Буџетот на Република Македонија (приходи и приливи).




Вкупните приходи од 122,957,584,920 денари кои во 2015 година УЈП ги оствари со наплата на даноците и социјалните придонеси од плати, по видови на приходи и по организациони делови на УЈП се:

| *Даноци во 000,000* | Вкупно | Скопје | Битола | Тетово | Штип | Кавадарци | ДГДО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДД | 12,024 | 4,107 | 757 | 325 | 995 | 442 | 5,398 |
| ПДД | 12,909 | 6,616 | 1,123 | 641 | 1,325 | 607 | 2,598 |
| ДДВ | 41,694 | 17,279 | 1,955 | 1,503 | 1,931 | 135 | 18,891 |
| **Вкупно даноци** | **66,627** | **28,002** | **3,835** | **2,468** | **4,251** | **1,184** | **26,888** |
| *Учество во (%)* | **100.00** | **42.03** | **5.76** | **3.7** | **6.38** | **1.78** | **40.36** |
| ***Придонеси во 000,000*** | | | | | | | |
| ППИО | 32,244 | 14,297 | 3,262 | 2,006 | 4,213 | 1,672 | 6,793 |
| ПЗО | 22,046 | 14,322 | 1,426 | 871 | 1,836 | 720 | 2,872 |
| ПОН | 2,041 | 896 | 207 | 125 | 267 | 104 | 441 |
| **Вкупно придонеси** | **56,330** | 29,515 | 4,895 | 3,002 | 6,316 | 2,497 | 10,106 |
| *Учество (%)* | 0 | **52.4** | **8.69** | **5.33** | **11.21** | **4.43** | **17.94** |
| **Вкупно приходи** | **122,957** | **57,517** | **8,730** | **5,470** | **10,567** | **3,681** | **36,994** |
| *Учество (%)* | **100.00** | **46.78** | **7.10** | **4.45** | **8.59** | **2.99** | **30.09** |

## Организационите делови на УЈП (РД/ДГДО) ги оствариле следните износи на приходи од даноци и социјални придонеси од плата:

- **57,517** милиони денари (46,78%) во РД Скопје која администрира со мали и средни даночни обврзници регистрирани на територијата на Градот Скопје
- **36,994** милиони денари (30,09%) во ДГДО која администрира со најголемите даночни обврзници, сите банки и осигурителни друштва, најголемите приредувачи на игри на среќа и обврзници со странски инвестиции
- **10,567** милиони денари (8,59%) од малите и средни даночни обврзници регистрирани на територијата на РД Штип
- **8,730** милиони денари (7.10%) од малите и средни даночни обврзници регистрирани на територијата на РД Битола
- **5,470** милиони денари (4.45%) од малите и средни даночни обврзници регистрирани на територијата на РД Тетово и
- **3,681** милиони денари (2,99%) од малите и средни даночни обврзници регистрирани на територијата на РД Кавадарци



## Даночни приходи

| | План | Наплатено | | | | Индекси: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | нап./пл`15 | 2015/2014 | 2015/2013 | 2015/2012 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 = (3:2) | 8 = (3:4) | 9 = (3:5) | 10 = (3:6) |
| ДД | 10,358,000,000 | 12,024,306,982 | 5,060,096,114 | 4,419,601,587 | 3,654,829,263 | 116.09 | 237.63 | 272.07 | 329.00 |
| ПДД | 13,213,000,000 | 12,909,482,084 | 12,320,728,625 | 10,254,731,774 | 9,553,436,551 | 97.7 | 104.78 | 125.89 | 135.13 |
| ДДВ | 44,492,000,000 | 41,693,526,830 | 43,858,975,545 | 39,834,834,632 | 38,467,824,620 | 93.71 | 95.06 | 104.67 | 108.39 |
| **Вкупно** | **68,063,000,000** | **66,627,315,896** | **61,239,800,284** | **54,509,167,993** | **51,676,090,434** | **97.89** | **108.8** | **122.23** | **128.93** |

**Даночниот приход** остварен во 2015 година од 66,627,315,896 денари е:

- **2,11%** понизок во однос на планираниот приход од 68,063,000,000 денари,
- **8,8%** повисок во однос на остварениот приход од 61,239,800,284 денари во 2014 година,
- **22,23%** повисок во однос на наплатениот приход во 2013 година во износ од 54,509,167,993 денари, и
- **28,93%** повисок во однос на остварениот приход во 2012 година во износ од 51,676,090,434 денари.




Бруто даночните приходи кои се евидентираат во даночното книговодство на Управата за јавни приходи ја содржат целокупната наплата на даноците и споредните даночни давачки без разлика каква ќе биде нивната распределба од Буџетот на РМ - приход од дел на ПДД за локалната самоуправа и дел од новооткриените даноци во износ од 25% како приход за УЈП. Вкупно наплатените даноци кои се евидентираат во даночното книговодство на Управата за јавни приходи (бруто приход) и нето износите на даноците со кои се мери остварувањето на Буџетскиот план, во периодот јануари -декември 2015 година, се како што следува:

**Вкупно нето даночни приходи во 2015 година (ДД, ПДД, ДДВ)** ............ **66,627.32**
** во нето износот се вклучени и 75% од наплатите даноци од постапки на инспекциска контрола во износ 897,31милиони денари*

Приход за УЈП од новооткриени даноци со надворешна контрола ( 25% од вкупно наплатените) ............ 299,10

Приходи за други корисници (локална самоуправа) ............ 255,03

**Бруто даночни приходи (ДД, ПДД, ДДВ)** ............ **67,181,45**

## Приходи од социјални придонеси од плата

| | План | Наплатено | | | | Индекси: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | нап./пл`15 | 2015/2014 | 2015/2013 | 2015/2012 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 = (3:2) | 8 = (3:4) | 9 = (3:5) | 10 = (3:6) |
| ППИО | 31,838,710,000 | 32,243,627,772 | 30,086,698,344 | 28,717,111,564 | 27,759,025,025 | 101.27 | 107.17 | 112.28 | 116.16 |
| ПЗО | 21,822,000,000 | 22,046,126,296 | 20,379,457,495 | 19,793,028,303 | 16,789,296,533 | 101.03 | 108.18 | 111.38 | 131.31 |
| ПОН | 1,972,162,000 | 2,040,514,956 | 1,885,175,178 | 1,799,783,443 | 1,744,845,028 | 103.47 | 108.24 | 113.38 | 116.95 |
| **Вкупно** | **55,632,872,000** | **56,330,269,024** | **52,351,331,017** | **50,309,923,310** | **46,293,166,585** | **101.25** | **107.60** | **111.97** | **121.68** |

Приходот од **социјални придонеси од плата** остварен во 2015 година во износ од од 56,330,269,024 денари е:

- 1,25% повисок во однос на планираниот од 55,632,872,000 денари,
- 7,60% повисок во однос на остварениот во 2014 година во износ од 52,351,331,017 денари,
- 11,97% повисок во однос на остварениот во 2013 година во износ од 50,309,923,310 денари, и
- 21,68% повисок во однос на остварениот во 2012 година во износ од 46,293,166,585 денари.




## Приходи од Радиодифузна такса

Во 2011 година на Управата за јавни приходи и е дадена надлежност според Законот за радиодифузна дејност за наплата на радиодифузната такса (РДТ). Во 2015 година донесени се 6,043,315 решенија за наплата на РДТ за регистрираните корисници на услуги за месец 12/2014 година и за месеците јануари-ноември 2015 година во износ од 1,167,589,610 денари, од кои 1,288,146 решенија во износ од 264,102,940 денари на правни лица и вршители на дејност и 4,755,169 решенија во износ од 903,486,670 денари на физички лица.

| | Правни лица и СВД | | Семејни домаќинства | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број решенија | Износ на задолжување во МКД | Број решенија | Износ на задолжување во МКД | Број решенија | Износ на задолжување во МКД |
| 01-11/2011 | 1,019,008 | 145,648,100 | 4,994,016 | 649,222,080 | 6,013,024 | 794,870,180 |
| Просечно месечно | 92,637 | 13,240,736 | 454,001 | 59,020,189 | 546,639 | 72,260,925 |
| 12/2011-11/2012 | 1,231,185 | 245,044,600 | 5,720,922 | 1,032,891,840 | 6,952,107 | 1,277,936,440 |
| Просечно месечно | 102,599 | 20,420,383 | 476,744 | 86,074,320 | 579,342 | 106,494,703 |
| 12/2012-11/2013 | 1,258,647 | 259,532,020 | 5,305,845 | 1,008,110,550 | 6,564,492 | 1,267,642,570 |
| Просечно месечно | 104,887 | 21,627,668 | 442,154 | 84,009,213 | 547,041 | 105,636,881 |
| 12/2013-11/2014 | 1,267,737 | 260,597,350 | 4,914,929 | 933,836,510 | 6,182,666 | 1,194,433,860 |
| Просечно месечно | 105,645 | 21,716,446 | 409,577 | 77,819,709 | 515,222 | 99,536,155 |
| 12/2014-11/2015 | **1,288,146** | **264,102,940** | **4,755,169** | **903,486,670** | **6,043,315** | **1,167,589,610** |
| Просечно месечно | **107,346** | **22,008,578** | **396,264** | **75,290,556** | **503,610** | **97,299,134** |

Во текот на 2015 година реализиран е приход од РДТ во вкупен износ од 886,131,908 денари, што претставува надминување на планот за 783,160,000 денари или за 13.15% и повисок приход од остварениот во 2014 година од 810,211,158 денари или за 9.37%.

| Месец | План 2015 | 2015 | | | 2014 | | | Индекси: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Неплатено | Вратено | Приход | Неплатено | Вратено | Приход | План/2015 | 2015/2014 |
| 1 | 55,600,000 | 53,110,136 | 24,501 | **53,085,635** | 56,465,364 | 164,578 | **56,300,786** | 95.48 | 94.29 |
| 2 | 57,900,000 | 62,952,767 | 56,080 | **62,896,687** | 92,122,182 | 105,481 | **92,016,701** | 108.63 | 68.35 |
| 3 | 55,160,000 | 87,573,375 | 42,936 | **87,530,439** | 68,204,450 | 121,152 | **68,083,298** | 158.68 | 128.56 |
| 4 | 58,700,000 | 86,713,859 | 108,162 | **86,605,697** | 54,957,007 | 116,702 | **54,840,305** | 147.54 | 157.92 |
| 5 | 58,400,000 | 69,680,424 | 28,655 | **69,651,769** | 49,254,186 | 93,749 | **49,160,437** | 119.27 | 141.68 |
| 6 | 60,100,000 | 70,065,329 | 95,242 | **69,970,087** | 57,374,845 | 62,636 | **57,312,209** | 116.42 | 122.09 |
| 7 | 63,500,000 | 67,887,824 | 289,800 | **67,598,024** | 63,683,854 | 204,344 | **63,479,510** | 106.45 | 106.49 |
| 8 | 69,000,000 | 65,340,377 | 77,662 | **65,262,715** | 90,658,988 | 877,284 | **89,781,704** | 94.58 | 72.69 |
| 9 | 70,100,000 | 58,965,674 | 63,219 | **58,902,455** | 67,234,124 | 56,362 | **67,177,762** | 84.03 | 87.68 |
| 10 | 77,700,000 | 61,752,995 | 190,260 | **61,562,735** | 85,703,023 | 190,221 | **85,512,802** | 79.23 | 71.99 |
| 11 | 75,700,000 | 109,991,470 | 147,514 | **109,843,956** | 62,265,816 | 95,343 | **62,170,473** | 145.10 | 176.68 |
| 12 | 81,300,000 | 93,326,250 | 104,541 | **93,221,709** | 64,486,285 | 111,114 | **64,375,171** | 114.66 | 144.81 |
| **Вкупно** | **783,160,000** | **887,360,480** | **1,228,572** | **886,131,908** | **812,410,124** | **2,198,966** | **810,211,158** | **113.15** | **109.37** |

Констатирана е тенденција на намалување на вкупниот број на обврзници кои се задолжуваат со РДТ и постојана тенденција на пораст на учеството на наплатените износи во однос на извршеното задолжување со таксата во текот на истата година - во 2011 година од вкупното задолжување наплатени се 46,83%, во 2012 наплатени се 37,73%, во 2013 наплатени се 51,95%, во 2014 наплатени се 67,83% и во текот на 2015 година наплатени се 75,89% од вредноста на вкупното задолжување во годината.

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Вкупно задолжување во годината | 794,870,180 | 1,277,936,440 | 1,267,642,570 | 1,194,433,860 | 1,167,589,610 |
| 2. Бруто плаќања | 373,062,794 | 483,812,692 | 659,848,590 | 812,410,124 | 887,360,480 |
| 3. Исплата | 796,040 | 1,623,593 | 1,333,670 | 2,198,966 | 1,228,572 |
| 4. Нето плаќања | 372,266,755 | 482,189,099 | 658,514,920 | 810,211,158 | 886,131,908 |
| 5. Наплата/задолжување | 46,83% | 37,73% | 51,95% | 67,83% | 75.89 |
| 6. Индекс на наплата 2015/11 | 238.04 | | | | |
| 7. Индекс на наплата2015/12 | | 183.77 | | | |
| 8. Индекс на наплата 2015/13 | | | 134.57 | | |
| 9. Индекс на наплата 2015/14 | | | | 109.37 | |

Од преземањето на надлежноста за наплата на РДТ од страна на УЈП во 2011 година, наплатата на приходите од РДТ има постојан тренд на пораст. Во 2015 година наплатен е повисок приход во однос на 2014 година од 9,37 процентни поени, во однос на приходот од 2013 е повисок за 34,57 процентни поени, во однос на 2012 повисок е за 83,77 процентни поени и во однос на приходот од 2011 повисок е за 138,04 процентни поени.




## Наплата на глоби изречени во постапки кои ги спроведува УЈП (даноци и фискализација)

Во 2015 наплатени се глоби кои се изречени во постапки во надлежност на УЈП во вкупен износ од 82,772,585 денари, од кои, глоби за сторени даночни прекршоци во износ од 53,898,463 денари и глоби за сторени прекршоци заради не воведени или заради не користење на фискални апарати во износ од 28,874,122 денари. Во однос на истиот период од 2014 година кога се наплатени глоби во вкупен износ од 126,789,123 денари, тоа претставува пониска наплата за 34,72%, односно наплатени се глоби за даночни прекршоци во понизок износ за 23.64% и глоби од областа на фискализацијата во износ понизок за 48,62%.

| | 2015 | | | 2014 | | | Индекси 2015/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Даночни прекршоци | Невоведување некористење фискална опрема | Вкупно | Даночни прекршоци | Невоведување некористење фискална опрема | Вкупно | Даночни прекршоци | Невоведување некористење фискална опрема | Вкупно |
| 1 | 6,309,994 | 4,778,209 | 11,088,203 | 6,601,285 | 6,105,152 | 12,706,437 | 95.59 | 78.27 | 87.26 |
| 2 | 6,765,177 | 3,286,333 | 10,051,510 | 8,240,667 | 5,672,951 | 13,913,618 | 82.10 | 57.93 | 72.24 |
| 3 | 5,973,693 | 3,840,297 | 9,813,990 | 6,397,124 | 4,335,819 | 10,732,943 | 93.38 | 88.57 | 91.44 |
| 4 | 4,672,398 | 3,505,358 | 8,177,756 | 6,506,605 | 2,935,083 | 9,441,688 | 71.81 | 119.43 | 86.61 |
| 5 | 5,476,768 | 1,936,576 | 7,413,344 | 6,343,888 | 5,155,577 | 11,499,465 | 86.33 | 37.56 | 64.47 |
| 6 | 3,921,208 | 1,426,729 | 5,347,937 | 6,097,184 | 4,664,251 | 10,761,435 | 64.31 | 30.59 | 49.70 |
| 7 | 4,254,832 | 2,350,633 | 6,605,465 | 4,754,197 | 4,505,005 | 9,259,202 | 64.31 | 30.59 | 49.70 |
| 8 | 2,237,804 | 958,877 | 3,196,681 | 3,933,650 | 5,133,571 | 9,067,221 | 56.89 | 18.68 | 35.26 |
| 9 | 2,085,979 | 969,700 | 3,055,679 | 3,709,337 | 4,486,693 | 8,196,030 | 56.24 | 21.61 | 37.28 |
| 10 | 3,496,126 | 1,726,099 | 5,222,225 | 5,466,955 | 4,712,733 | 10,179,688 | 63.95 | 36.63 | 51.30 |
| 11 | 3,439,607 | 1,823,699 | 5,263,306 | 6,446,531 | 4,354,766 | 10,801,297 | 53.36 | 41.88 | 48.73 |
| 12 | 5,264,877 | 2,271,612 | 7,536,489 | 6,090,257 | 4,139,842 | 10,230,099 | 86.45 | 54.87 | 73.67 |
| **Вкупно** | **53,898,463** | **28,874,122** | **82,772,585** | **70,587,680** | **56,201,443** | **126,789,123** | **76.36** | **51.38** | **65.28** |

## Приходи од глоби, паушали и трошоци изречени од страна на други надлежни органи

Центарот за наплата на глоби и други јавни приходи (ЦНГ) кој е во состав на Управата за јавни приходи, води присилна наплата по однос на глобите и трошоците кои се изречени од страна на судовите, министерствата и органите во состав на министерствата, кои се овластени да изрекуваат глоби. Тие предмети стигнуваат во ЦНГ како извршен наслов и наплатата по нив се спроведува веднаш со изготвување на решенија за присилна наплата, без при тоа претходно да се изготвуваат опомени, бидејќи одлуката која е предмет на наплата е веќе правосилна и извршна.

Во 2015 година во ЦНГ се примени и обработени 89.221 предмети со изречени глоби и трошоци од судовите, од органите во состав на министерствата и други институции кои се овластени да изрекуваат парични казни - глоби во износ од 1,624,542,265 денари изречени парични казни - глоби (од кои не биле наплатени 1,623,127,047 денари) и трошоци во износ од 60,317,628 денари, кои не биле платени и за кои УЈП има надлежност да спроведува присилна наплата. Од пристигнатите и обработени предмети, дел веќе биле целосно или делумно наплатени што се констатира дополнително преку постапки што ги спроведува ЦНГ, а за одреден број органите и институциите не доставиле целосни податоци кои дополнително и континуирано се комплетираат и обработуваат од страна на УЈП. За лицата кои не ги платиле износите на казни и трошоци, а за кои во УЈП постојат целосни податоци за идентификација, изготвени се решенија за присилна наплата.

Во 2015 година се изготвени 23,206 решенија за присилна наплата на глоби во износ од 375,388,816 денари, трошоци во износ од 14,146,528 денари и такса за присилна наплата од 5% во износ од 19,478,595 денари, или вкупно износ од 409,013,939 денари.
Во периодот јануари-декември 2015 по издадените решенија за присилна наплата во истиот период или претходно, од сметките на должникот, од 1/3 од платата на должникот, или од извршените готовински уплати, наплатени се парични казни - глоби во износ од 31,016,736 денари.

По институции кои ги изрекле глобите, трошоците и паушалите, наплатата е како што следува:

| **Надлежни органи за изрекување на глоби, трошоци и паушали** | **Износ** |
|---|---|
| 1. Судови | 12,659,298 |
| 2. Министерство за внатрешни работи | 9,505,185 |
| 3. Царинска управа | 4,327,572 |
| 4. Министерство за транспорт и врски | 1,385,143 |
| 5. Министерство за животна средина | 554,356 |
| 6. Министерство за земјоделие шумарство и водостопанство | 665,038 |
| 7. Министерство за економија/ДПИ | 346,478 |
| 8. Дирекција за заштита на лични податоци | 1,077 |
| 9. Народна банка на РМ | 75,530 |
| 10. Министерство за труд и социјална политика | 1,490,909 |
| 11. Агенција за храна и ветеринарство | 6,150 |
| 12. Комисија за хартии од вредност | 0 |
| **Вкупно** | **31,016,736** |

# ПОСТАПКИ НА НАПЛАТА

Стратешката определба на УЈП за зголемување на доброволното плаќање на даноците се реализира со 87,46% наплата по доброволен пат од страна на даночните обврзници во вкупните плаќања на даноците кои истите ги оствариле во 2015 година за исполнување на законските обврски.

- 87,46% од наплатените даночни приходи се платени од страна на даночните обврзници по поднесени даночни пријави или по изготвени решенија од страна на УЈП по претходно пријавени даноци од страна на даночните обврзници, доброволно без било каква интервенција на УЈП, како и со користење на повеќе платените даноци за наплата на данок кој се должи (пребивање). Над републичкиот просек за доброволна наплата е остварена во ДГДО, каде 93,66% од наплатата на даноците е извршена доброволно.
- Покрај доброволната наплата на даноците, УЈП спроведува и други видови постапки за административна наплата. 1,51% од наплатата на даноците е извршено со користење на отстапеното побарување на еден даночен обврзник за покривање на долг на друг даночен обврзник, 0,50% е наплатено преку цесии, 1,11% е наплатено со репрограмирање на даночен долг, 1,35% од наплатата се однесува на ново утврдени даноци во постапка на инспекциска контрола, 4,36% од даночниот приход произлегува од наплата по издадени опомени за ненавремено плаќање на даноците што претходи на процесот на присилна наплата, додека 3,72% од даноците во 2015 година се остварени директно во процесот на присилна наплата на долгови.

| Даноци (во 000,000) | Нето даночни приходи | Доброволно плаќање | Пребивање на долг со преплата | Вкупно доброволно плаќање | Учество ДП/НДП | Отстапување на побарувања | Цесии | Репрограм | Инспекциска контрола 75% | Опомени (даноци без МПИН) | Присилна наплата на даноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РД/ДГДО | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Скопје | 28,001,7 | 23,081,7 | 477.6 | 23,559,3 | 84.14 | 596.1 | 125.7 | 328.3 | 222.6 | 1,504.2 | 1,665.4 |
| Битола | 3,834,9 | 3,102,7 | 138.8 | 3,241,5 | 84.53 | 73.9 | 18.3 | 77.6 | 66.0 | 168.1 | 189.3 |
| Тетово | 2,468,3 | 1,984,0 | 114.5 | 2,098.5 | 85.02 | 23.5 | 12.7 | 41.6 | 50.2 | 106.4 | 135.3 |
| Штип | 4,250,7 | 3,258,2 | 214.6 | 3,472.8 | 81.70 | 56.0 | 94.7 | 44.9 | 105.6 | 181.2 | 295.4 |
| Кавадарци | 1,184,0 | 577,8 | 138.6 | 716.5 | 60.52 | 148.5 | 5.6 | 28.9 | 86.4 | 92.2 | 106.0 |
| ДГДО | 26,887,8 | 24,382,6 | 800.1 | 25,182.7 | 93.66 | 106.3 | 75.1 | 216 | 366.5 | 854.1 | 87.1 |
| **Вкупно** | **66,627,3** | **56,387,0** | **1,884.2** | **58,271.2** | **87.46** | **1,004.4** | **332.0** | **737.5** | **897.3** | **2,906.3** | **2,478.6** |
| Учество (%) | **100.00** | | | **87.46** | | **1.51** | **0.50** | **1.11** | **1.35** | **4.36** | **3.72** |



## Наплата на даночен долг со пребивање со даночно побарување

Во постапка на поврат на даноци по барање на даночните обврзници во вкупен износ од 2,275,111,798 денари, кој во најголем дел се однесува на ДДВ 2,214,968,965 денари, извршена е наплата на даноци и камати кои истите должници ги должат во износ од 1,884,201,238 денари, од кои најголем е износот на Данокот на добивка од 1,465,473,320 денари (77.78%). По спроведеното пребивање извршено е враќање на остатокот на повеќе платен данок на сметките на даночните обврзници во износ од 390,910,560 денари, во најголем дел, 372,228,125 денари за ДДВ.

| Извршени постапки на пребивање со даночно побарување | Износ во МКД |
|---|---|
| Исплата од ДДВ по даночни пријави и пресметана камата | 2,214,968,965 |
| Исплата од ДД по годишен даночен биланс | 59,471,089 |
| Исплата од повеќе платени даноци | 671,744 |
| **Вкупна исплата на побаруван данок за поврат** | **2,275,111,798** |
| Исплата на ДДВ со враќање на сметка/остаток по пребивање | 372,228,125 |
| Исплата на ДД со враќање на сметка/остаток од пребивање | 18,035,622 |
| Исплата на повеќе платени даноци со враќање на сметка/остаток од пребивање | 646,813 |
| **Вкупно враќање на побаруван данок на сметка како остаток по пребивање** | **390,910,560** |
| Наплата на ДДВ | 245,437,273 |
| Наплата на ДД по сите основи | 1,465,473,320 |
| Наплата на ПДД | 79,321,809 |
| Наплата на камата и трошоци во постапка на присилна наплата | 93,968,836 |
| **Вкупно извршена наплата на долг со пребивање** | **1,884,201,238** |

## Наплата на даночен долг со отстапување на даночно побарување

Во постапка на поврат на даноци во вкупен износ од 1,111,234,432 денари, кој во најголем дел се однесува на ДДВ 1,111,140,633 денари, извршено е отстапување на побараните средства со кои се наплатени 1,004,403,104 денари даночни долгови на други даночни обврзници, во најголем дел (868,144,350 денари) за ДДВ. По извршеното пребивање извршено е враќање на остаток на данок со исплата на сметките на даночните обврзници - побарувачи во износ од 106,831,328 денари.

| Извршени постапки на наплата на даночен долг со отстапување на даночно побарување | Износ во МКД |
|---|---|
| Исплата од ДДВ по даночни пријави и пресметана камата | 1,111,140,633 |
| Исплата од ДД по годишен даночен биланс | 93,799 |
| Исплата од повеќе платени даноци | 0 |
| **Вкупна исплата на побаруван данок за поврат** | **1,111,234,432** |
| Исплата на ДДВ со враќање на сметка/остаток по пребивање | 106,831,328 |
| Исплата на ДД со враќање на сметка/остаток од пребивање | 0 |
| Исплата на повеќе платени даноци со враќање на сметка/остаток од пребивање | 0 |
| **Вкупно враќање на побаруван данок на сметка како остаток по пребивање** | **106,831,328** |
| Наплата на ДДВ | 868,144,350 |
| Наплата на ДД по сите основи | 43,967,118 |
| Наплата на ПДД | 11,250,861 |
| Наплата на камата и трошоци во постапка на присилна наплата | 81,040,775 |
| **Вкупно извршена наплата на долг со пребивање** | **1,004,403,104** |

## Плаќања со цесии

Во 2015 година прифатени се и спроведени 2,470 цесии за наплата на даночните долгови на даночните обврзници од страна на друг даночен обврзник во износ на долг од 332,043,559 денари, што претставува намалување од 27,42 процентни поени во однос на бројот на случаи и намалување за 13,48 процентни поени во однос на износот на спроведените цесии во истиот период од 2014 година. Во вкупната наплата со цесии, РД Скопје учествува со 37,87%, РД Штип со 28.51%, ДГДО со 22.61%, РД Битола со 5.5%, РД Кавадарци со 1.67%, и РД Тетово со 3.83%.

| | 2014 | | 2015 | | Индекс 2015/2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РД/ДГДО | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ |
| Скопје | 1,216 | 78,969,861 | 1,034 | 125,739,067 | 85,03 | 159,22 |
| Битола | 633 | 34,234,336 | 502 | 18,275,801 | 79,30 | 53,38 |
| Тетово | 6 | 76,323 | 8 | 12,718,873 | 133,33 | 16,664,53 |
| Штип | 844 | 83,793,913 | 701 | 94,673,462 | 83,06 | 112,98 |
| Кавадарци | 534 | 45,801,319 | 130 | 5,555,074 | 24,34 | 12,13 |
| ДГДО | 170 | 140,890,469 | 95 | 75,081,282 | 55.88 | 53,29 |
| **Вкупно** | **3,403** | **383,766,221** | **2,470** | **332,043,559** | **72,58** | **86,52** |

## Репрограм на даночни долгови

Согласно законските услови за одложено плаќање на даночните долгови пропишани во Законот за даночна постапка, во 2015 година се издадени 440 решенија за репрограм на долгови во износ од 1,668,194,835 денари. Од вкупно одобрениот износ за репрограм на долгови, наплатен е износ од 613,191,903 денари (36.76%), укинат е репрограм од 126,772,320 денари, прекинат е репрограм од 97,760,021 денари и се очекува наплата во наредниот период од 830,470,591 денари (49,78%). Најголем износ на репрограмиран долг е наплатен во РД Скопје во износ од 319,059,460 денари, што претставува 52,03% од вкупно наплатениот долг со репрограм.

Во однос на 2014 година кога се издадени 450 решенија за репрограм од кои е наплатен износ од 674,251,249 денари, оваа постапка во 2015 година бележи пад во износот на наплатениот долг за 9,06 процентни поени и пад на бројот на спроведени постапки за 2,22 процентни поени.

| РД/ДГДО | Број на предмети | Одобрен репрограм | Наплатено | Прекинат репрограм | Укинат репрограм | Останато за наплата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 221 | 847,603,545 | 319,059,460 | 64,065,447 | 26,098,194 | 438,380,444 |
| Битола | 114 | 146,802,809 | 75,140,998 | 3,855,219 | 20,195,542 | 47,611,050 |
| Тетово | 57 | 90,315,424 | 40,316,040 | 0 | 18,322,656 | 31,676,728 |
| Штип | 16 | 159,136,649 | 41,507,057 | 12,542,320 | 4,141,652 | 100,945,620 |
| Кавадарци | 22 | 104,475,277 | 23,732,458 | 17,297,035 | 24,431,867 | 39,013,917 |
| ДГДО | 10 | 319,861,131 | 113,435,890 | 0 | 33,582,409 | 172,842,832 |
| **Вкупно** | **440** | **1,668,194,835** | **613,191,903** | **97,760,021** | **126,772,320** | **830,470,591** |

Одобрен репрограм:
- ДДВ (77.26% од вкупно одобрениот репрограм)
- ПДД (11.28%)
- ДД (10.89%)
- Надоместоци за игри на среќа (0.29%)
- ПДД и придонеси од бруто плата (0.0%)
- Концесии (0.04%)
- Глоби (0.23%)

| Давачка | Одобрен репрогран | Наплатено | Прекинат репрограм | Укинат репрограм | Останато за наплата |
|---|---|---|---|---|---|
| ДДВ | 1,288,788,739 | 478,759,546 | 83,851,233 | 77,121,173 | 649,056,787 |
| ПДД | 188,225,500 | 45,134,787 | 6,380,910 | 23,649,460 | 113,060,343 |
| ДД | 181,671,131 | 81,897,883 | 7,527,878 | 24,952,506 | 67,292,864 |
| Игри на среќа | 4,900,000 | 4,487,500 | 0 | 0 | 412,500 |
| МПИН | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Концесии | 701,707 | 0 | 0 | 701,707 | 0 |
| Глоби | 3,907,758 | 2,912,187 | 0 | 347,474 | 648,097 |
| **Вкупно** | **1,668,194,835** | **613,191,903** | **97,760,021** | **126,772,320** | **830,470,591** |

## Репрограм на даночен долг кај јавните претпријатија

Во 2010 година донесен е Законот за плаќање на рати на даночните долгови на јавните претпријатија и трговски друштва основани од Република Македонија, општините или Град Скопје („Службен весник на РМ“, бр.18 од 09.02.2010 година) со кој се уредува начинот, постапката и условите за отплата на даночните долгови на оваа категорија даночни должници. Со законските одредби се дава можност за отплата на долгот во месечни рати во текот на десет годишен период, со грејс период од најмногу три години доколку даночните обврзници редовно ги плаќаат новите даночни обврски. УЈП утврдила дека 58 даночни должници ги исполнуваат условите за остварување на ова право со вкупен износ на долг од 2,533,8 милиони денари и камата со можност за отпис во износ од 2,043,9 милиони денари, со состојба на 31.12.2009 година.

До 31.12.2014 година даночните должници платиле износ на долг од 269,05 милиони денари (10.62%), укинат/прекинат репрограм е со износ од 1,521,74 милиони денари (60.06%) од кои долг во износ од 1,387,13 милиони денари (91.05%) е претворен во траен влог на државата во капиталот на должниците, со што за периодот на отплата од 2015 - 2023 останал долг од 743.03 милиони денари (29.32%) за отплата на рати.

Во периодот од 01.01–31.12.2015 година наплатен е износ од 124,3 милиони денари (16.73%), укинат е репрограм од 13,4 милиони денари и за наплата остануваат 605,3 милиони денари (81.46%). До 2023 година останува да се наплати долг од 605,304,123 денари, односно:
- ДДВ во износ од 451,089,559
- ПДД во износ од 72,588,008
- ДД во износ од 81,626,556

| РД/ДГДО | Бр. на предмети | Главен долг по решение | Наплатен до 31.12.2014 | Укинат-прекинат | Прекинат-Траен влог | За наплата 2015 - 2023 | Наплатен 01-12.2015 | Укинат репрограм | Останато за наплата |
      - Центар за РДТ кој целосно ќе ги покрива сите надлежности на УЈП за радиодифузната такса и ќе се координира со Македонската радио телевизија која е надлежна за водење на регистерот на РДТ обврзници;
      - Центар за централни операции кој покрај приемот и обработката на сите даночни пријави ќе ја преземе и одговорноста за автоматизирано утврдување на данок и централни книговодствени операции;
      - Центар за интегрираната наплата на бруто плата и размената на податоци со социјалните фондови, АВРМ и други заинтересирани институции;
      - Контакт центар со Повикувачки центар со проширени надлежности и функционалности;
      - Центар за запленети предмети во даночна постапка;
      - Центар за наплата на глоби и други јавни приходи.

Со цел, зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето во регионалните дирекции и усогласување на организацијата на УЈП која треба да ја поддржи растечката улога на оданочувањето на поединците кое се извршува преку социјалните придонеси од плата и персоналниот данок, се планира квалитативна реорганизација на работењето, во смисла на поделба на работите и работните задачи кои се однесуваат на оданочувањето на:
- Субјектите кои извршуваат економски активности (бизнис заедницата); и
- Поединците кои се оданочуваат согласно остварените приходи (физичките лица)

Се планира да се изврши внатрешна промена на надлежностите на некои сектори во Генералната дирекција. Најголеми и најсуштествени промени се:

- Поранешниот Сектор за присилна наплата се преименува во Сектор за наплата и управување со долгови и ги презема сите активности за опоменување на должниците, анализа и управување на долговите и сите видови на административна и присилна наплата на долговите;
- Секторот за утврдување и наплата на даноци се преименува во Сектор за утврдување на даноци и ги презема сите активности поврзани со водењето на регистрите (за регистрација на даночни обврзници, за ДДВ, за фискализација итн) и на даночните евиденции и утврдувањето на даноците;
- Во Секторот на услугите предвидена е реорганизација на системот на даночни шалтери согласно принципите на економичност - неекономичните даночни шалтери да бидат покриени со мобилните даночни шалтери со истите надлежности. Бројот на Мобилни шалтери од 3 да се зголеми на 6, односно секоја Регионална дирекција да добие по едно специјално опремено возило за таа намена;
- Секторот за ИТ се реорганизира и со новите оддели обезбедува капацитети за управување со развојните проекти и за реинжењеринг на работните процеси и паралелно со тоа, на транзицискиот процес и секојдневното работење;
- Со помали несуштински промени реорганизација ќе се спроведе и во Секторот за правни работи и Единицата - Внатрешна ревизија која треба да прерасне во сектор.
  Воедно, како постојани работи тела на ниво на Колегиум се формираат: Совет за управување со усогласеност, Совет за модернизација и Совет за оперативно управување.

10) ***Интерната комуникација (ИНТРАНЕТ)*** овозможува целосно информирање на вработените со објавување на информативни содржини за севкупното работење на УЈП (планови, извештаи, одлуки, соопштенија...), за сите промени во даночното законодавство и во другите закони за кои УЈП има надлежности, за промените во процедурите за работа и се развива со надополнување на 4 нови менија: ЕУ ИПА 2010 - за информирање на вработените за планираните активности и текот на реализацијата на ИПА Твининг проектот „Подобрување на услугите на УЈП кон даночните обврзници“ помеѓу УЈП и Шпанската даночна администрација (AEAT); ММФ – за интерно информирање на вработените за активностите и извештаите од соработката на Управата за јавни приходи со Меѓународниот монетарен фонд; ПЕФА – за интерно информирање на вработените за планираните активности и текот на реализацијата на Проектот „Проценка на јавните расходи и финансиска отчетност (PEFA)” на Министерството за финансии на РМ, а каде Управата за јавни приходи се јавува како учесник и со богата Фото галерија и вести со кои се документираат сите случувања во институцијата.

11) „***Годишен план за управување со усогласеноста 2015***“ - Управата за јавни приходи воведува современ пристап кон управувањето со утврдените ризици во областа на оданочувањето. За таа цел конституиран е Совет за управување со усогласеност – раководен од Директорот на УЈП, а членови се највисоките раководители на генерално ниво и Работна група за управување со усогласеност, и изготвен е Годишен план за управување со усогласеност за 2015 година со План за спроведување (изготвени на крајот на 2014 година). Во овој документ се определуваат областите со највисок ризик кон кои во 2015 година се насочени организирани и меѓусебно поврзани активности на сите функции во институцијата. Во текот на 2015 година се работи на изготвување на Програма за усогласеност за периодот 2016-2018 година кој претставува стратешки документ за оваа област.
Се очекува свесноста за постоењето на ризиците, нивното детектирање и дефинирање, организираното постапување за нивно отстранување и подобро законско регулирање на ризичната област, да резултираат со повисоко ниво на усогласеност во следните периоди.

12) ***Унапредување на системот на внатрешна ревизија*** - Носечка активност на Единицата - Внатрешна ревизија (ЕВР) е на раководството да му обезбеди независно, објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во сите организациони делови на УЈП. Со цел презентирање на Стратегијата за јавна внатрешна финансиска контрола во РМ за периодот 2015-2017 година и размена на најдобрите практики со експерти за јавна внатрешна финансиска контрола на земјите членки на ЕУ, на 29 април 2015 година во Скопје, во соработка со Европската Комисија, се одржа Конференција за јавната внатрешна финансиска контрола 2015–2017 година. Во рамките на програмата за обука на внатрешните ревизори од јавниот сектор, реализиран е вториот циклус на проектот „Обука на внатрешните ревизори“ која се организира од страна на Министерството за финансии во соработка со USAID и Center of Excellence in Finance (CEF) Љубљана. Со овој проект во периодот 2014/2015 година две лица од Единицата - Внатрешна ревизија стекнаа CIPFA меѓународен сертификат за внатрешна ревизија во јавен сектор. Исто така, во рамките на овој проект во периодот 2015/2016 година се врши континуирана обука за сертификација на внатрешните ревизори во ЕВР.

13) ***Поддршка за јакнење на институционалниот капацитет*** - Како одговор на барањето на Директор на УЈП за техничка помош во даночната управа, во декември 2014 година беше остварена оценувачка мисија од Секторот за фискални работи (FAD) на Меѓународниот монетарен фонд. Главна цел на мисијата

беше да се направи проценка на работењето на Управата за јавни приходи и да се дадат совети за планирање на реформските процеси и за поддршка на Управата во насока на унапредување на нејзиното работење со цел подобрена наплата на приходите. Како резултат на оваа дијагностичка мисија произлезе договорот за техничка помош која УЈП ќе ја добива во периодот 2015-2020 година реализирана од Секторот за фискални работи (FAD) на Меѓународниот монетарен фонд и финансирана од Европските фондови во рамки на програмата за Реформирање и модернизација на даночните управи во југоисточна Европа - FAD_EUR_2010_02, која ќе се состои од проекти за унапредување на административните капацитети (опкружувањето) на институцијата, унапредување на основните работни процеси и унапредување на усогласеноста на обврзниците.
Во текот на 2015 година беа реализирани мисии за Управување со усогласеноста и Стратегискиот менаџмент. Од особена важност за развој на институционалните капацитети е ММФ мисијата за „Стратегиски менаџмент“ во чиј извештај беа констатирани актуелните состојби во поглед на организацијата на УЈП, управувањето и структурите за раководење, стратешкото планирање, состојбата на човечките ресурси во поглед на разместеноста и старосната структура и политиката за човечките ресурси во контекст на плановите за модернизација. Во извештајот беа дадени и соодветни препораки и предлози за надминување и подобрување на состојбите кои во УЈП се стремиме што подоследно и посоодветно да ги примениме.
Во текот на 2015 година, следејќи ги добиените препораки, во УЈП е изготвена новата Политика за управување со квалитет бр.02-7709/1 од 28.12.2015 година во која е предефинирана визијата на институцијата и основните вредности кон кои ќе се придржува и правилниците за организација и работа на УЈП и систематизација на работните места.

Оценка на институционалните капацитети на УЈП и на состојбата на ИТ системите и работните процеси е направена и од страна на експертите ангажирани во ИПА Проектот за Проценка за јавни расходи и финансиска отчетност (Public Expenditure and Financial Accountability Assessment-PEFA) на Министерството за финансии. Извештајот за спроведената проценка за Македонија (декември 2015) е објавен на веб страницата на Министерството за финансии http://www.finance.gov.mk/mk/node/575 и на ПЕФА секретаријатот http://www.pefa.org/en/assessment/mk-dec15-pfmpr-public-en
Управата за јавни приходи како еден од органите во состав на Министерството за финансии, зема учество во изготвување на Програмата за реформа во управувањето со јавни финансии (PFM) и на Секторскиот плански документ (SPD) за користење на Секторска буџетска поддршка со барање при изработката на клучните програмски документи за секторска буџетска подршка за управување со јавните финансии да се земе во предвид веќе изготвената Студија за ИТ системот на УЈП, како и потребите на даночната администрација која претставува важна алка во процесот на управување со јавните финансии, а особено во делот на планирањето и на наплатата на даноците, социјалните придонеси и другите јавни приходи.

*Нашата стратешка цел „Секогаш чекор понапред“ значи дека секоја година ќе додаваме нов елемент во нашиот развој, некогаш мал, некогаш дополна или продолжување на развојните елементи од претходните периоди, но доволно значаен да ја афирмира нашата заложба за модернизација и одржлив развој на работните процеси.*

## Процес на модернизација - Техничка и технолошка модернизација на работните процеси

- Управата за јавни приходи не успеа во 2014 година да обезбеди финансирање за 2015 година на проектот ***„Даночна администрација без хартија“ (Надградба на ИТ системи)*** согласно Студијата за ИТ системот на УЈП со препораки за негово подобрување и го одложи за следниот период. Сите подготвителни активности за негова реализација, исто така, се пролонгирани. Во текот на 2015 година, УЈП активно учествува во програмирање за ИПА 2, односно во подготовката на PUBLIC FINANCE MANAGEMENT REFORM PROGRAM 2016 – 2020 и Sector Planning Document (координирана од Министерство за финансии).

- ***Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП (ГПРС)*** – Во текот на 2014 година со измените и дополнувањата во Законот за регистрирање на готовинските плаќања („Службен весник на РМ”, бр.115 од 01.08.2014 година) и соодветните подзаконски акти се создаде правен основ за поврзување на УЈП со фискалните системи на опрема (ФСО) за регистрирање на готовински промет со ГПРС уреди на обврзниците.
Проектот ***„Он-лајн следење на готовинскиот промет во Македонија“*** е реализиран во текот на 2014 и јануари 2015 година со изготвување на систем на пренос на податоци од фискалните системи на опрема на даночните обврзниоци до ИТ системот на УЈП (GPRS систем) и во текот на 2015 со воспоставување на алтернативен систем. Со ставањето во функција и имплементација на новиот интегриран систем со ГПРС

уред, во УЈП во секој момент автоматски се следи прометот регистриран од секој фискален апарат, се добиваат податоци за деталните фискални сметки и контролните извештаи. Системот обезбедува пренос на податоци од фискалниот апарат до УЈП преку заштитена мрежа на мобилните оператори и сигурност и доверливост на информациите, овозможена е он-лајн регистрација на фискалните апарати (8 минути, наместо 3-5 дена) и 24 часовна достапност на електронските услуги на УЈП. По успешната електронска регистрација во системот на УЈП, даночниот обврзник може веднаш да го постави фискалниот систем на опрема во деловниот објект и да врши регистрирање на остварениот готовински промет. Воведувањето на новите апарати со ГПРС уред, ги намалува трошоците на обврзниците за набавка и чување на фискалните контролни ленти кои се заменуваат со електронска SD картичка, ја намалува потребата од даночните контроли на терен и автоматски ги детектира ризичните даночни обврзници и ја зголемува финансиската дисциплина.
До 31 октомври 2014 година беа обврзани да воведат фискален систем на опрема со ГПРС уред даночните обврзници чиј промет во претходната година надминувал 10.000.000 денари, обврзниците кои вршат угостителска дејност и обврзниците кои вршат промет на нафтени деривати на мало (бензински пумпи). Рокот за сите други даночни обврзници беше до 31 јануари 2015 година.
На 05.08.2014 година во системот на УЈП регистриран е првиот фискален апарат со ГПРС со што официјално стартуваше примената на новиот начин на он-лајн следење на готовинскиот промет во Македонија, но и воспоставување на целосна електронска комуникација помеѓу УЈП, овластените производители на ФСО и даночните обврзници во сите фази на фискализација. Заклучно со 31.12.2015 година во системот на УЈП регистрирани се вкупно 61,438 ФСО на 37,154 даночни обврзници. До крајот на 2015 година одобрени се 18 модели на ФСО од пет производители (каси, подвижни каси, принтери и електронски системи за бензиски пумпи).

- ***Во УЈП континуирано се врши изработка на нови и промена и развој на постоечките апликативни решенија согласно новите барања на законската регулатива, автоматизирање на процесите за вчитување на податоци, воспоставување на нови сервиси во рамки на проектот Интероперабилност 2,0, се извршуваат работи за зајакнување на капацитетот на тековниот ИТ систем, се врши надоградба на системот е-Даноци*** (нови верзии на повеќе обрасци се поставени во системот за е-Даноци, Развој на софтвер за размена на податоци помеѓу е-Даноци и ДАНИС системи за новопоставени форми преку кои обврзникот електронски пополнува и потпишува даночни пријави и други акти, Електронско плаќање на даноци и такси за правни лица и физички лица преку сервисот за електронско банкарство - Ki-Pay на Клириншката куќа АД Скопје).
- ***Развој на електронските услуги*** - Со воспоставување и развивање на системот е-Даноци, Управата за јавни приходи постигна намален проток на даночни обврзници на шалтерите, како и олеснето пријавување и плаќање на даноците, заштеда на време и намалени трошоци како за даночните обврзници така и за Управата за јавни приходи.
  - Во 2015 година по електронски пат се поднесени 90% од вкупно поднесените даночни пријави за данок на добивка и данок на вкупен приход, 97,5% од поднесените Даночни биланси за персонален данок на доход од вршителите на дејност и 100% од поднесените даночни пријави за ДДВ, за бруто плата (МПИН) и Годишните извештаи на исплатувачите на приходи.
  - Законот за прибавување на докази и факти по службена должност, уредува дека во постапките за остварување на права и интереси на странки, органите кои ги водат постапките треба по службена должност да прибавуваат докази и факти од органите надлежни за издавање на доказите и фактите. Заради давање на можност органите по службена должност да поднесуваат до УЈП барања за издавање на уверенија за платени даноци и придонеси и потврди за состојба на даночен долг, кои им се потребни како докази во постапките што ги водат, почнувајќи од 01.01.2015 година, овозможени се електронски услуги на системот е-Даноци за доставување на барања за издавање на уверенија и потврди за потребите на државни институции и органи. Истите по електронски пат можат, во име на физички и правни лица за кои водат одредени постапки, да прибавуваат по службена должност уверенија и потврди со поднесување на барање. Обрасци на барања кои се наменети за државните институции и други органи се: Барање за издавање на уверение за платени даноци и придонеси од домашно/странско физичко лице - УЈП-УН-3.2-20 (службено), Барање за издавање на уверение за остварени приходи од домашно/странско физичко лице - УЈП-УН-3.2-22 (службено), Барање за издавање на уверение за платени даноци и придонеси за домашно/странско правно лице или самостоен вршител на дејност - УЈП-УН-3.2-24 (службено), Барање за издавање на потврда за состојба на неплатени даноци и придонеси од домашно/странско правно лице, самостоен вршител на дејност или физичко лице - УЈП УН-3.2-26 (службено).
  - Редовно се доставуваат опомени за неплатени долгови по разни основи (ДДВ, ДД, МПИН, РДТ) по електронски пат до даночните обврзници правни лица кои имаат пријавена електронска адреса. УЈП предложи измени во Законот за даночна постапка ваквата пракса да се воведе за сите даночни обврзници, со што би ги опфатиле и физичките лица, доколку обврзникот даде претходна согласност.

- УЈП го развива системот на информирање на целни групи (граѓани, консалтинг куќи, сметководствени бироа, федерации, здруженија на граѓани и фондации, стопански комори и сл.), со посебен акцент на развој и имплементација на електронската комуникација. УЈП располага со регистар кој содржи информации за преку 20.000 маил адреси. УЈП преку овој канал на комуникација има доставено 13 известувања.
- Од 15.04.2015 година воведена е новата он-лајн услуга за плаќање на РДТ, преку виртуелен ПОС терминал со користење на платежни картици, која е достапна за сите физички лица - обврзници за радиодифузна такса кои се регистрирани на системот е-Даноци.
- Од 30.04.2015 година, започна имплементацијата на новиот сервис - Регистрација на физички лица, обврзници за плаќање на ПДД, без употреба на дигитален сертификат. На овие лица им е овозможен увид во состојбата за даночни евиденции за ПДД за физички лица, преглед на неплатени долгови по истиот основ и он-лајн услуга за плаќање на ПДД, преку виртуелен ПОС терминал со користење на платежни картици.
- Целосно се реализирани активностите за развој и тестирање на сервисот за он-лајн електронско плаќање на даноци и радиодифузна такса од трансакциска сметка за правни и физички лица, помеѓу системот за е-Даноци на УЈП и сервисот за електронско банкарство – Кі-Рау на Клириншката куќа АД Скопје (КИБС). Во услови кога банките не се подготвени за користење на Кі-Рау сервисот на Клириншката куќа АД Скопје, УЈП од 15.06.2015 година, на веб порталот за е-Даноци постави линкови за е-банкарство до седум деловни банки, а по претходно добиено одобрение од секоја деловна банка, со што се овозможи поврзување помеѓу системите за електронско банкарство на банките и системот е-Даноци на УЈП.

## Размена на податоци со надворешни институции од земјата и странство

УЈП настојува размената на податоци со други институции од земјата и странство да се одвива по принципите на интероперабилност. Претставници од Министерството за информатичко општество и администрација на 18.06.2015 година, извршија увид на информацискиот систем на УЈП и ја потврдија исполнетоста на критериумите за сертифицирање на екстерниот домен од ДАНИС информацискиот систем за размена на податоци со системот за интероперабилност, во електронска форма во делот на: технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци; определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица; следење и управување со инциденти и проценка на ризиците поврзани со информациска безбедност. Сертифицирањето на екстерниот домен од ДАНИС информацискиот систем за размена на податоци со системот за интероперабилност значи дека се задоволени највисоките критериуми за безбедност, сигурност и точност на податоците кои се разменуваат помеѓу институциите вклучени во системот за интероперабилност.

УЈП има склучено повеќе меморандуми за размена на податоци со институции од РМ и со институции и организации од други земји, од кои некои се во активна примена, а други во припрема.

- Во рамки на проектот на Министерството за информатичко општество и администрација за Е-услуги на ниво на Влада на РМ, УЈП преку системот за интероперабилност дава податоци за регистрирани даночни обврзници, а пристапува до податоците на Централниот регистар за состојба на деловни субјекти, и до податоците на Агенцијата за катастар на недвижности за проверка на имот.
- УЈП активно учествува во имплементација на проектот за едношалтерски систем. За таа цел со повеќе институции (МТСП, ФЗО, АФПЗРР) има потпишано протоколи и доставува податоци за уверенија кои се бараат при постапки во други институции (согласно Протокол за размена на податоци со Министерството за труд и социјална политика за поврат на платени придонеси за инвалидите, до НБРМ за промени во Регистарот на даночни обврзници кој го води УЈП), агенции и други тела и државни институции. Согласно Договорот за соработка помеѓу УЈП и Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) – УЈП достави податоци (23 уверенија за платени даноци) за даночните обврзници кои се апликанти за користење средства од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД) за периодот 2007-2013 година. На барање на Агенцијата, доставени се и податоци за состојбата на платени даноци и придонеси за 30.286 лица кои се потенцијални корисници од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година за мерката 2.27„Директни плаќања за угинати овци и кози од болеста Син јазик во 2014 година".
- Согласно склучен договор за исполнување на законската обврска, УЈП веќе неколку години по ред доставува податоци до ***Македонско кредитно биро (МКБ)***, за состојбите на долговите на даночните обврзници. Во 2014 година склучен е нов Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу УЈП и МКБ, за нов начин на подготовка и рокови за достава на податоците за долговите на даночните обврзници. Врз основа на истиот, до МКБ доставени се податоци за долговите со идентификација на

должниците од Листите на должници 01, 02, 03, 04, 05, 06, 07, 08, 09, 10, 11 и 12/2015, како и податоци за должниците кои се појавуваат во работните листи при подготовка на Листа на должници, а не се опфатени во критериумите по кои се изготвува Листата на должници (со долг помал од 120.000 денари, односно од 300.000 денари).

- Согласно ***Меморамдумот за размена на податоци со Државниот завод за статистика***, УЈП доставува податоци за наплатените социјални придонеси, месечни податоци за состојбите искажани во ДДВ пријавите и годишни состојби од извештаите за извршените исплати на приходи на сите исплатители и остварените годишни приходи на граѓаните.
- ***Договор за користење на информацискиот систем Е-одобрение за градење*** - Во месец април 2015 година беше потпишан Договор за користење на информацискиот систем "Е-одобрение за градење" помеѓу УЈП и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС). Со овој договор се уредува начинот и постапката на размена на податоци, како и видовите на податоци кои се разменуваат помеѓу УЈП и ЗЕЛС во рамките на остварувањето на меѓусебната соработка, во согласност со утврдените надлежности на договорните страни. Две лица од Генералниот даночен инспекторат добија одобрение за пристап во информацискиот систем.
- Во правец на целосно утврдување на мерките кои треба да се превземат заради воведување на автоматската размена на информации со странски даночни администрации согласно ОЕЦД стандардите за одбегнување на двојното оданочување или неоданочување, во рамки на Програмата Фискалис 2020, реализирана е работна посета во Копенхаген, Данска, на тема „Практичната имплементација на автоматската размена на информации". Стекнати се сознанија за правната рамка за спроведување на автоматска размена на податоци, процесот на обезбедување на потребните информации, нивна обработка до финалната размена на информациите. Беа опфатени и презентации за новиот ИТ систем, неговата ИТ архитектура, со посебен фокус на изведбата на валидацијата на влезните податоци, контролата на интерните обработки како и процесот на валидацијата на излезните податоци, а сето тоа во рамки на ИТ стандардот за безбедност ISO 27001 / 27002.
- ***Меморандум за соработка помеѓу Управата за јавни приходи и Агенцијата за супервизија на осигурувањето*** - Во септември 2015 година, склучен е Меморандум за соработка помеѓу Управата за јавни приходи и Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Меморандумот има за цел воспоставување на поефикасна соработка и размена на информации помеѓу двете институции. Во таа насока, со истиот се регулира меѓусебната соработка поврзана со размената и употребата на информации податоци и обезбедување на взаемна обука и размена на искуства.
- ***Договор за имплементација на FATCA*** - Во 2015 година претставници од Генералниот даночен инспекторат на УЈП учествуваа во работната група за утврдување на одредбите од Нацрт Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Македонија за соработка со цел олеснување на спроведувањето на FATCA во кој е регулирано директно известување од македонските финансиски институции за одредени сметки до Даночната управа на САД (Internal Revenue Service), дополнето со размена на информации на барање согласно со доверливоста и другите заштитни мерки предвидени во договорот.
- Континуирано се врши размена на податоци со Министерството за финансии за цели на проектот „Купи куќа – Купи стан".
- Се реализираа активности во врска со потпишување на протокол за размена на податоци со Министерството за образование и наука за цели на доделување на стипендии/сместување во студенски домови.

## Управување со ризикот

- ***Управување со усогласеноста*** - Како преодно решение, до моментот на реализација на организациските промени во УЈП, формирана е Работна група за управување со усогласеност која има овластувања и одговорности да ја проценува даночната усогласеност и да ја пресметува стапката на усогласеност, да дава извешти за трендовите кај усогласеноста, да води регистар на ризици кај усогласеноста, да развива модели на усогласенот на УЈП по сегменти, да прави компаративни проценки на ризик со цел рангирање на дејности и сектори, да развива стратегии за усогласеност за конкретни сегменти, да развива и да ги следи мерките на подобрување на усогласеноста, да изготвува и спроведува анкети и истражувања за усогласеност кај вработените и кај даночните обврзници, да ги идентификува проблемите со усогласеноста, да прави макро проценки и анализа за конкретни сектори, да ги идентификува тенденциите кај усогласеноста, да ги следи меѓународните трендови и најдоби искуства, да врши идентификување на растечките ризици и можности и да ги координира интервенциите за усогласеност.

Во текот на две работни посети на ММФ консултантот во 2015 година, работната група работеше на изготвување и анализа на модел за проценка на усогласеноста на даночните обврзници, што воедно претставува и активност која ќе продолжи во наредниот период се додека не се креира модел соодветен на потребите на УЈП. Во текот на средбите со претставникот на ММФ беа дадени и насоки и примери за начинот на изготвување на програма за усогласеност, изготвување и спроведување на планови и извештаи за управување со усогласеност, регистер на ризици и негови составни компоненти. Работната група во понатамошниот период ќе се посвети на активности поврзани со креирање и приспособување на сеопфатна табела за проценка на стапката на усогласеност, следење и евалуација на реализацијата на планот за управување со усогласеноста за 2015 година, креирање на програма за усогласеност, изготвување целосен регистар на ризици. Во текот на месец март беше реализирана уште една експертска мисија на консултант на ММФ, каде акцент беше ставен на примената на концептот на управување со усогласеноста во рамките на функцијата надворешна контрола.
Во ДГДО се воспостави профил на даночен обврзник со цел утврдување на отстапувањата на поедини даночни обврзници од стандардите во дејноста и усогласување по пат на советодавна посета пред спроведување на канцелариска контрола. Анализата опфати 18 даночни обврзници од градежната дејност. По завршување на советодавните посети кај даночните обврзници од оваа стопанска дејност (м.01/2015 година), се продолжи со креирање профили на даночни обврзници и кај останатите дејности застапени во ДГДО, најнапред на профил на даночните обврзници од дејноста - снабдување и производство на електрична енергија, гас и климатизација.
Како најризична група даночни обврзници во 2015 година е одлучено да бидат третирани „вршителите на земјоделска дејност кои се оданочуваат според паушално утврдениот приход“. Причините се објективни и искуствени: голем број на мали даночни обврзници кои остваруваат основни или дополнителни приходи од земјоделска дејност, големи даночни ослободувања кои се привлечни за даночните обврзници, посебен статус на земјоделците обезбеден во општеството, психологија на неисполнување на обврските со историски корени, припадници на дејноста се наоѓаат во сите структури на општеството, динамични промени во севкупното законодавство кое ја регулира дејноста и промени во даночното законодавство кои се во тек, објективни сознанија за голем број на нерегистрирани обврзници или непријавени приходи кои се искажани во извештаите на УЈП, но и сознанија за постоење на процедурални проблеми во работењето на УЈП и неконзистентни регистри на обврзниците во институциите кои се инволвирани во целиот процес.
Во процесот на управување со усогласеноста на земјоделците кои се оданочуваат според паушално утврден приход учествуваа сите функции во УЈП во согласност со надлежностите. Во однос на следење на извршување на Годишниот план за управување со усогласеноста во УЈП за 2015 година кој се фокусира на групата даночни обврзници - вршители на дејност земјоделци кои се оданочуваат по паушално утврден приход, извршени се следните активности:

1. Ревидирани се постоечките евиденции за регистрација на земјоделците кои се оданочуваат по паушално утврден приход.
2. Извршено е подобрување на податоците за регистрација преку целосно преземање на релевантни податоци од имателите на регистри (МЗШВ, ФПИОМ и ФЗОМ) со цел да се спроведат активности за информирање на земјоделците за обврската за нивно доброволно или службено регистрирање.
3. Едукација – извршено е информирање на целните групи преку медиумите на централно и локално ниво за спроведување на програмите за едукација, изготвувени се Планови за едукација по општини, направени се контакти со струкови асоцијации и назначени се лица задолжени со активности за едукацијата.
4. Направена е структура на долговите на земјоделците за ПДД и за социјални придонеси по големина, старост и местоположба по општини и план за контактирање со должниците.
5. Законски и подзаконски акти - изготвени се предлози за измени на Законот за персоналниот данок на доход и истите се доставени до Министерството за финансии; донесен е Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за паушално оданочување на остварени приходи од земјоделска дејност.
6. Направено е подобрување на ИТ апликацијата за замјоделци што овозможи внес на сите податоци од "ПДД-ПЗ" (земјоделски працели, животни, земјоделска опрема).

Во рамки на процесот на едукација за управување со усогласеноста, претставници од работната група присуствуваа на работилница на IOTA на тема „Употреба на аналитика во надминување на даночна евазија“, на работилница на CEF „Управување со усогласеноста во Холандската даночна администрација“, за што изготвија презентација за Советот на усогласеност и во месец октомври член на работната група и член на Советот за усогласеност присуствуваа на Конференција (ФИСКАЛИС) во Виена на тема „Risk Management Platform“.
Поврзано со утврдените состојби во дејноста земјоделство, извршена е измена на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на РМ”, бр.25/15) со кои е воведена нова надлежност на УЈП за спроведување на постапка за пребивање на долговите за даноци и придонеси со субвенциите кои им се исплатуваат на земјоделците. Со дополнителна измена на законот е уредено дека оваа надлежност

ќе се применува од 01.01.2016 година. Во тек на 2015 година е работено на Уредбата за начинот, субјектите, евиденцијата, постапката за подмирување на финансиските обврски од износот на финансиската поддршка, начинот и формата на размена на податоците и исплатата на финансиската поддршка.
Во врска со оваа законска измена, на 14.01.2015 година се одржа состанок на претставници од УЈП, МЗШВ, АФПЗРР и МФ. Изработена е нацрт верзија на Упатство за наплата на доспеани неплатени долгови за социјални придонеси и даноци на даночни обврзници – земјоделци со пребивање од одобрените субвенции и обрасци на решенија кои треба да се применуваат. По нацрт процедурата е доставена барање за изготвување на софтверска апликација. Со дополнителни измени на Законот за земјоделство и рурален развој, примената на оваа процедура е одложена, односно истата ќе се применува од 01.01.2017 година, а во тој период УЈП треба да ги спроведе активностите од Акцискиот план усвоен од Владата на РМ, односно да воспостави електронска размена на податоци со АФПЗРР за примателите на земјоделски субвенции, да изработи и да стави во продукција софтвер и да спроведе обуки на вработените во УЈП.

## Активности за намалување на сивата економија и за борба против неплаќачите на законските обврски– примарни активности на Даночниот инспекторат

- Како еден од начините за намалување на сивата економија, Даночниот инспекторат на УЈП континуирано спроведува контроли со МВР, Пазарната инспекција и други инспекциски органи во однос на Законот за регистрирање на готовински плаќања и Законот за игри на среќа и забавни игри во делот на откривање и санкционирање на нелегални приредувачи на игри на среќа. Со воведување на НИС (Надзорниот информациски систем за приредувачите на игри на среќа) се врши постојано следење, контрола и анализа на податоците добиени преку НИС системите на приредувачите за одреден временски период. Во 2015 година во соработка со претставници на Министерството за внатрешни работи извршени се 19 акции на територијата на Република Македонија  при што се откриени 45 нелегални  приредувачи на игри на среќа. Во сите случаи како организатори на игрите на среќа се јавуваат физички лица - нерегистрирани даночни обврзници за таа цел. За лицата кои се јавуваат како организатори на игрите на среќа кои нелегално обавувале дејност се покренуваат соодветни мерки согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и се изрекуваат глоби за лицата кои се јавуваат како учесници во овие игри на среќа.
  УЈП учествува во 14 акции на Координативното тело за интелектуална сопственост во кои се извршени 49 контроли на фискални апарати, од кои 5 со неправилности. Кај 45 даночни обврзници се насочени контроли по барање на други институции.
  Во 2015 година извршени се вкупно 7,675 службени регистрации на нерегистрирани даночни обврзници, што претставува  зголемен број на службено регистрирани даночни обврзници за 10% во однос на предходната година.
  УЈП соработува со други органи чии надлежности се борба против сивата економија и корупцијата и на нивно барање спроведува контролни постапки и доставува информации. Во 2015 година примени се 66 барања од МВР, 100 барања од Управа за финансиска полиција (УФП), 56 барања од Управа за финансиско разузнавање (УФР), 24 барања од Јавно обвинителство (ЈО), 2 барање од судови, 3 барања од Биро за судски вештачења (БСВ), 2 барања од Министерство за труд и социјална политика (МТСП), 4 барања од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), 1 барање од Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги (ААМУ), 1 барање од Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), 2 барања од Државниот инспекторат за труд (ДИТ), 2 барања од Царинската управа (ЦУ) и 1 барање од општини. Испратени се 57 одговори на барања од МВР, 99 одговори на барања од УФП, 51 одговори на барања од УФР, 30 одговори на барања од ЈО, 2 одговори на барања од судови, 2 одговори на барање од БСВ, 1 одговор на барање од ДИТ, 1 одговор на барање од Комисија за хартии од вредност, 1 одговор на барање од Државен инспекторат за земјоделство и 1 одговор на барање од општини, 2 одговори на барање од МТСП, 3 одговори на барања од ДКСК, 1 одговор на барање од ДПИ, 1 одговор на барање од ААМУ и 2 одговори на барање од ДИТ. Одговорите се однесуваат на барања кои се примени во претходниот период и барања од тековниот период.
- Согласно Законот за спречување на корупцијата, во 2015 година во УЈП се поднесени вкупно 873 анкетни листови на именувани лица, од кои 432 анкетни литови за избор или именување на нова функција, 152 анкетни листови за престанок на функција и 289 пријави за промени во имотната состојба. ДКСК до УЈП поднесе 12 барања за испитување на имот и имотна состојба. Во 2015 година завршени се 48 постапки, од кои 41 резултираа со заклучок за запирање на постапката и 7 се завршени со донесување на решение, со утврден данок во износ од 12,148,139 денари, кој не е наплатен.
  Согласно Законот за персонален данок на доход (ЗПДД) УЈП поведува постапки за утврдување на непријавени даноци за лицата кои немаат законска обврска да поднесуваат анкетни листови, а врз основа на добиени информации од надворешни контроли, податоци од други институции, анонимни пријави од граѓани. Во 2015 година, 26 постапки, се запрени со заклучок и 36 постапки се завршени со решение со утврден е данок во износ од 210,927,582 денари. Наплатен е данок во износ од 1,247,776 денари.

- Во 2015 година континуирано се вршат контроли кај даночни обврзници – физички лица кои што оствариле оданочени приходи од извршување на некоја дејност, а не ги пријавиле, врз основа на сопствени анализи и сознанија, како и врз основа на информации кои се добиени од други институции и трети страни. Во овој период насочени се контроли кај вкупно 382 физички лица, по различни основи: 87 физички лица кои нерегистрирано тргуваат со половни моторни возила, 105 физички лица кои градат и продаваат станбени и деловни објекти, 148 физички лица кои остваруваат приходи од игри на среќа преку Интернет, 2 физички лица кои остваруваат капитални добивки од продажба на хартии од вредност, 1 физичко лице кое остварува приходи од имот и имотни права, 16 физички лица кои остваруваат приходи од посредување меѓу приредувачите на игри на среќа и учесниците во игрите (домашни и странски физички лица), 1 физичко лице кое остварува приходи од вршење на маркетинг услуги врз основа на склучени договори со Google Adsense, 6 физички лица кои вршат електронска трговија преку специјализирани страни за електронска продажба, 1 физичко лице кое остварува приходи од организирање транспорт на стока и 16 физички лица кои остваруваат приходи по други основи. Завршени се контроли кај 124 физички лица со вкупно утврден персонален данок на доход во износ од 38,810,054 денари и камата во износ од 6,500,087 денари, или вкупен износ од 45,310,141 денари.
- ***Форензичката лабораторија*** продолжи да работи како подршка на надворешната контрола. Во текот на 2015 година специјалистите форензичари на УЈП со примена на специјалната опрема извршија безбедно и автентично превземање и процесирање на податоци од 23 дигитални уреди од еден даночен обврзник. Успешно се изврши декриптирање на заштитата и со инспекциски наод се утврди даночно затајување на повеќе видови на даноци во вкупен износ од 73 милиони денари.
- Искуството од ваквата работа допринесе да се иницира и изврши дополнување за Законот за даночна постапка, со кој, на барање на УЈП даночните обврзници или лицата од кои се бараат информациите се должни да обезбедат читливи и некриптирани податоци кои се наоѓаат во уред за складирање и медиум, како и да обезбедат корисничко име и лозинка за пристап до истите. Изготвено е Упатство за спроведување на форензичка постапка на прибирање, зачувување, процесирање и анализирање на податоци од дигиталните уреди на даночните обврзници и истото е во фаза на стандардизирање по ИСО. Проектот е во целост реализиран.
- УЈП доби нова надлежност на контрола на примената на Законот за финансиска дисциплина која ангажира значајни ресурси од инспекцискиот кадар. Во 2015 година, покрај исполнување на обврските од законот, се работеше и на предлози за измени на законот, измени на постоечките процедури и обрасци за негова примена, обуки на инспекторите, давање мислења на даночните обврзници за примена на законот и редовни контакти со Нотарската комора за примена на законот.
- Генералниот даночен инспекторат (ГДИ) има надлежност, меѓу другото, и да ги унапредува методите и алатките за поефикасно водење на контролите и избор на даночни обврзници кои ќе бидат опфатени со програмите за контрола согласно утврдени критериуми за ризичност. Од тој аспект направено е ажурирање на апликацијата Алатки за инспекција со цел усогласување со законските промени и изменетите обрасци на даночни пријави и овозможување на споредливи анализи.
  Во месец март беше донесена Процедура за издавање на налог за контрола УЈП-ДИ-П.1-01, со која беа изготвени и нови обрасци за Налог за надворешна контрола, Налог за даночна контрола, Извештај од надворешна контрола, Извештај од даночна контрола согласно ИСО стандардите и истите се доставени до Секторот за информатичка технологија за нивна системска имплементација во ДАНИС. Со Процедурата се регулирани сите чекори во постапката на издавање на налогот за надворешна контрола и за даночна контрола, негово доставување до даночниот обврзник и внес на налогот во ДАНИС на Управата за јавни приходи, инволвирани вработени, минимална поделба на должности на вработените за дадениот процес, временскиот период на реализација, критичните точки, како и работните инструкции за секој чекор.

*Капацитетот на Даночниот инспекторат (ДИ) се зајакнува и со учеството во едукативните програми организирани во земјата и странство на актуелни теми. Претставници на Даночниот инспекторат во 2015 учествуваа на: Годишен состанок организиран од FISCALIS на тема „Меѓународни контроли“; Работна средба со д-р Stuart Gilman од „Global Integrity Group,“ од Вашингтон, во организација на Американската амбасада во Скопје, на тема „Значењето на поголема соработка помеѓу државните институции во борбата против корупцијата“; Заштита на поткажувачите; „Пријавување на имот и оданочување на нелегално стекнат имот“; TAIEX работилница за ДДВ измами „Специфичности на ДДВ измами, ДДВ измами во градежна индустрија, судски пракси во случаи на ДДВ измами, субјекти вклучени во нерегистрирана градежна активност, ДДВ измами кај откупот на стари метали и во нафтената индустрија, ефекти и искуства од reverse charge“; Обука на тема „Примена на даночно ослободување или олеснување кое произлегува од меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување“; Работилница организирана од Center for Excellence of Finance во Љубљана на тема „Развој на ефективна програма за контрола кај даночен обврзник“; Работилница организирана од Center for Excellence of Finance во Љубљана на тема „Борба против даночно затајување и избегнување на данок“; Обука во врска со примената на ОЕЦД насоките за трансферни цени, во организација на Даночната академија на УЈП во соработка со Американската Стопанска Комора во РМ; Работилница организирана од IOTA „Употреба на аналитика во борбата против даночни измами и даночна евазија“; Работилница организирана од Center for Excellence of Finance во Љубљана на тема „Модерен пристап кон даночната усогласеност“; Националниот семинар на ОБСЕ на тема „Јакнење на владеењето на правото согласно кривично – правниот систем како одговор на тероризмот“; Обука организирана од страна на Секретаријатот за европски прашања – СЕП, на тема „Интегритет и антикорупција“; Работилница организација на OSCE на тема „Спречување на финансирање на тероризам”; Работна посета на Национална агенција за даночна администрација на Република Романија (Agentia Nationala de Administrare Fiscala - ANAF) со цел запознавање и усвојување на нови искуства поврзани со „Програмата за лица со големо богатство” и „Програмата за лица со висок ризик“; Едукација на вработените во Форензичката лабораторија со учество на семинари и работилници организирана од страна на TAIEX, (е-Контрола, е-Трговија, историја и развој, технички карактеристики за интернет, мрежна технологија и електронски продавници, алатки за е-Трговија и мониторинг на е-Трговија, ризици во е-Трговијата од аспект на даночно затајување, интернет системи за плаќање, припрема и вршење е-Контроли и ИТ форензика, законска рамка, бариери и предизвици); Соодветно на надлежностите на УЈП за работа на активности поврзани со спречување на корупцијата и перењето пари, претставници на УЈП учествуваа на работилница за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциска политика, во организација на Министерство за правда, на работилницата на тема ,,Подготовка и унапредување на текстот на предлог наративниот дел на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и намалување на судир на интереси“, работилница во врска со изготвување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019 на Четвртата програма „Интегритет и антикорупција“, одржана во Центарот за обуки на СЕП спроведена со Подршка на Кралството Норвешка Работилница во рамки на проектот „Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам”.*

## Систем на евиденции на даночните обврски

- **Активности поврзани со измените на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (ЗПЗСО)**
  - Со исплатата на јануарската плата во 2009 година, отпочна интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок од плата со примена на бруто-принципот на пресметка на платата. Администрирањето, што се состои во пријавување, утврдување, наплата и контрола на придонесите од задолжителното социјално осигурување (ППИО, ПЗО и ПОН) и ПДД од плата, во единствена постапка го врши УЈП. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осугурување („Службен весник на РМ“, бр.113/14 и 180/14, во примена од 01.01.2015 година) се воведува обврска за пресметување и плаќање на социјалните придонеси на бруто надоместок утврден со авторски договор, договор за дело или друг договор. Обврзници за пресметка и уплата на придонесите се: правното лице – исплатувач на надоместокот за своите вработени лица и ФПИОМ и ФЗОМ за невработените лица и за лицата кои добиваат надоместоци од повеќе од еден исплатувач на договори, додека обврската за плаќање на придонесите го извршуваат лицата сами за себе.
    Потоа следеа измените и дополнувањата во „Службен весник на РМ“, бр.20/15 од 12 февруари и 48/15 од 25 март 2015 година, во кои се допрецизираа правилата по однос на пресметката на социјалните придонеси на остварувачите на приходите од договорите за дело, авторските договори и други договори од работни ангажирања.
    Од 01.08.2015 година („Службен весник на РМ“, бр.129/15) оваа обврска е укината, а за оданочувањето на извршните членови на одборот на директори во трговските друштва, членовите на управните одбори во трговските друштва односно управителите во трговските друштва – доколку не се осигурани по основ на работен однос и не се регистрирани како самовработени лица (вршители на дејност) повторно се воведува член 7 став (1) точка 1а) за ППИО и член 10 став (1) точка 1-а за ПЗО. Обврзници за пресметка

и уплата на придонесите се исплатувачите на паричниот надомест, кој воедно претставува и основица за пресметка на придонесите.

Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите по основ на бруто надоместок утврден со авторски договор, договор за дело или друг договор е должен пресметката на придонесите да ја врши поединечно за секој осигуреник, а податоците за пресметаните придонеси е должен да ги доставува до УЈП, најдоцна до петтиот ден од месецот за примените надоместоци во претходниот месец. Рокот за уплата на придонесите е најдоцна до 15-ти во месецот за исплатените надоместоци во претходниот месец. Според законските измени, ФПИОМ е обврзник за пресметка на ППИО и ПЗО по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор, за невработени лица и за лица во работен однос за кои исплатител на ваков надоместок не е нивниот работодавачот или со него поврзан субјект. МПИН пресметките што по овој основ ги изготвува и поднесува ФПИОМ, се обработуваат во ЦОП.

Промените на ЗПЗСО наметнаа обврска на УЈП и ФПИОМ да се подготват за администрирање на нова група обврзници кои од 01.01.2015 година имаа обврска за плаќање на ППИО и ПЗО за приходите од извршување физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа. Се одржаа многу работни состаноци помеѓу претставници на УЈП, ФПИОМ, ФЗО, МТСП и МФ во врска со имплементацијата на наведените законски измени и во врска со проблеми и отворени прашања при имплементацијата. Истовремено, се изготвија 3 нови верзии на клиентскиот софтвер и соодветни измени во софтверот за обработка на МПИН пресметките во УЈП, како и во дефинирање на контроли за поднесување на месечниот извештај на исплатителите "МИ-ИН/Д"; извршени се 4 обуки за работодавачи и сметководители, како и на претставници на стопанските комори, одржани заеднички со МТСП и ФПИОМ; на веб страната на УЈП се објавени 5 соопштенија со насоки за обврзниците за начинот на поднесување на МПИН пресметките и две верзии на калкулатор за утврдување на основицата за пресметка на придонеси од договори за дело, авторски и други договори.

Почнувајќи од месец март 2015 година, во ЦОП централизирано се врши прием на електронски поднесени МПИН пресметки од ФПИОМ за придонеси од примањата по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, обработка на истите и електронска достава на декларациите до ФПИОМ. Во ЦОП се примени и обработени 19.866 МПИН пресметки за придонеси врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа.

- Со Законот за изменување и дополнување на ЗПЗСО од 31.07.2015 година, почнувајќи од 1 август 2015 година се укина обвсрката за пресметување и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување за исплата на надоместоците по основ на договори за дело и/или авторски договори или други договори, заради што во системот за обработка на МПИН пресметки се направија повторно соодветни прилагодувања и се објави соопштение на веб страната на УЈП.
- Со Законот за изменување и дополнување на ЗПЗСО кој е во сила од 25.03.2015 година укината е обврската за пресметување и плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по ниеден друг основ, бидејќи истите со воведувањето на обврската за плаќање на придонеси по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор станаа обврзници за плаќање по овој основ. Врз основа на наведените одредби, направени се соодветни прилагодувања на системот за интегрирана наплата и клиентскиот софтвер. Дополнително, со Законот за изменување и дополнување на ЗПЗСО од 31.07.2015 година, почнувајќи од 01.08.2015 година утврдена е обврската за плаќање на ППИО и ПЗО за паричен надоместок на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување, за исплатите на надоместокот по 31 јули 2015 година. Исплатата на надоместокот за извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување, се врши преку налогот за плаќање ПП53 истовремено со уплата на придонесите за ППИО и ПЗО, како и персоналниот данок на доход, а обврзник за пресметка и уплата на придонесите е исплатувачот, што е различен концепт во однос на концептот на пресметување и плаќање на придонесите по овој основ до 31.12.2014 година. За ова се направени прилагодувања во софтверот за обработка на МПИН пресметки и објавено е соопштение на веб страната на УЈП.
- Со Законот за изменување и дополнување на ЗПЗСО кој е во сила од 12.02.2015 година, предвидено е дека при пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување започнувајќи од месец јануари 2015 година не се применува лимитот од шест просечни плати како највисока основица за пресметка на придонесите, односно придонесите се пресметуваат на целиот износ на бруто основицата. Со Законот за изменување и дополнување на ЗПЗСО кој е во сила од 25.03.2015 година, а се применува почнувајќи со пресметките за месец март 2015 година, воведена е повторно највисока основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување, и тоа највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот од дванаесет просечни плати, за примањата по основ на договор за дело и/или авторски договор или

друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, остварени во тековниот месец, е износот од дванаесет просечни плати и за самовработено лице е износот од осум просечни плати. Врз основа на наведените одредби, направени се соодветни прилагодувања на системот за интегрирана наплата и клиентскиот софтвер и дадено е соопштение на веб страната на УЈП.

- ***Други прилагодувања на системот за интегрирана наплата и клиентскиот софтвер за МПИН пресметки*** - Заради измена на Законот за агенциите за привремени вработувања во делот на начинот на пресметување и плаќање на придонесите и платата за вработните кои се изнајмуваат кај други работодавачи корисиници, направена е измена во системот за интегрирана наплата и клиентскиот софтвер за поднесување на МПИН пресметки за отстапените работници и посебно за вработените во Агенциите за привремени вработувања. Со електронски пораки до сите агенции за привремени вработувања како обврзници, дадени се насоки за начинот на поднесување на МПИН пресметките. Со нова измена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност од август 2015 година предвидена е и нова/дополнителна мерка за ослободување од плаќање на придонеси која се однесува на работодавачи од приватниот сектор, кои по претходно поднесено барање до Агенцијата, ќе бидат ослободени од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за лице кое ќе го вработат како замена за работник кој користи породилно отсуство од работа, за периодот додека трае породилното отсуство.
- ***Закон за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување*** - УЈП изготви нацрт - Процедура и обрасци за постапување по Законот за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување, со кој се овозможува право на отпис на камата 70% или 50% за заостанати долгови за социјални придонеси за периодот до декември 2014 година, доколку заостанатите долгови се исплатат во рок 12 месеци, односно во рок од 24 месеци по поднесувањето на барањето, кое може да се поднесе најдоцна до 31.12.2015 година, под услов на редовна уплата на тековните обврски за придонеси. За тој период се прекинуваат започнатите постапки на присилна наплата на заостанатите долгови. Од страна на обврзниците за пресметка и уплата на придонеси поднесени се вкупно 139 барања за отпис на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување за период од 2009-2014 година, од кои 70 се од исплатувачи правни лица, а 69 се од земјоделци. По однос на барањата за отпис на камата поднесени од правните лица, 18 се во тек на одлучување, за 12 барања е одобрено користење на право на отпис, додека за 40 од поднесените барања обврзниците не ги исполниле законски утврдените услови.

• ***Измени во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност – ослободување од плаќање на придонеси и ПДД (нова надлежност на УЈП)*** - Со измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, произлезе нова надлежност за УЈП - наплата на придонесите и ПДД од корисниците кои користеле ослободување од плаќање на придонеси, но го изгубиле правото на ослободување заради постоење на долг за неплатени придонеси, плати и даноци повеќе од два месеци или заради нарушување на други услови кои треба да ги следи АВРМ (намалување на бројот на вработени и сл.). Имено, со Законот е предвидено дека АВРМ води евиденција на работодавачите од приватниот сектор, невработените лица и самовработените лица и има обврска најдоцна во рок од 30 дена да доставува податоци до УЈП за работодавачите од приватен сектор - корисници на мерките за ослободување од плаќање на придонеси, со цел УЈП да преземе мерки согласно со своите законски надлежности, како и обврска да започне постапка за наплата на износот на средствата за кои работодавачот бил ослободен од кога ќе утврди постоење на долг по основ на неисплатена плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци за два последователни месеца. За работодавачите кои пред подрачните единици на АВРМ ќе аплицираат за користење на мерките за ослободување од плаќање на социјални придонеси и ПДД, УЈП треба да издава потврда за исполнување на условите од аспект на постоење на долг за неплатени придонеси, плати и даноци повеќе од два месеци. Врз основа на наведените законски измени, како нова надлежност на УЈП произлегува обврската еднаш месечно да се утврдува состојбата на корисниците на мерките за ослободување и да се утврдуваат корисниците кои ќе го изгубат правото на ослободување заради постоење на долг за неплатени придонеси, плати и даноци повеќе од два месеци. До склучување на соодветен протокол за размена на податоци со АВРМ, на барање на УЈП од АВРМ добиени се податоци за сите работодавачи – активни корисници на мерки со состојба на 31.05.2015 година. Со цел на спроведување на надлежноста, направени се прилагодување на веќе постојните обрасци „Барање за издавање на потврда за состојба на даночни долгови“ и „Потврда за состојба на даночни долгови“, објавени се соопштенија на веб страната на УЈП за запознавање на заинтересираните работодавачи, а за вработените во УЈП објавени се насоки за постапување на Интранет.

• ***Сметки кои се водат како блокирани во Агенцијата за работа со блокирани сметки во УЈП*** - Согласно член 3 став 1 од Законот за затворање на сметките кои се преземени во УЈП од поранешната Агенција за работа со блокирани сметки (АБС) на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци поединици („Службен весник на РМ“, бр.180/14), на 11.02.2015 година на веб страната на УЈП се објави листа на 30.449 субјекти чии

сметки не беа пренесени кај носителите на платен промет до 31.12.2001 година и кои се затвораат согласно со овој закон. Листата ги опфаќа сите жиро сметки на наведените субјекти, со и без евидентирани налози и извршни решенија на редослед за извршување и со и без преостанати парични средства на сметката. Со објавата се известија доверителите кои имаат ненаплатени побарувања од субјектите, утврдени за наплата врз основа на судски одлуки со извршни решенија, дека истите можат да ги достават за наплата од евентуално преостанатите парични средства на жиро сметките на субјектите, во рок од 30 дена од денот на оваа објава, односно најдоцна до 13.03.2015 година. За паричните средства што ќе преостанат по наплата на евентуалните извршни решенија, секој субјект чија жиро сметка се затвора, може во рок од 30 дена, односно најдоцна до 14.04.2015 година да даде налог за пренос на сопствена трансакциска сметка што се води кај носител на платен промет. Во наведениот рок не се доставени ниту побарувања за наплата, ниту налози за пренос на преостанати парични средства. По 15.05.2015 година, согласно со член 3 став 4 од Законот, извршен е пренос на преостанатите парични средства на жиро сметките на субјектите во корист на Буџетот на РМ 1000000000 630 95 во вкупен износ од 6.577.640 денари.
Субјектите регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија кои се водат како блокирани во УЈП, а истовремено имаат отворено сметка кај носител на платен промет, не беа опфатени на списокот на субјекти за бришење кој беше доставен до Централниот регистар на РМ во 2013 година (член 8 став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва). Наведеното со цел претходно да се утврди дали овие субјекти имаат стопанска или друга активност, како и дали долговите за кои се евидентирани блокади во УЈП имаат престанок заради плаќање или друг вид на намирување, застареност и сл., со што треба да дојде до гасење на блокираната сметка во УЈП. Заради спроведување на наведената проверка, УЈП достави известувања до дел од овие субјекти за износот на парични средства и блокади на сметката пренесена во УЈП, со барање податоци за активна транскациска сметка која се води кај носител на платен промет за да се изврши пренос на паричните средства од сметката која се води како блокирана во УЈП, односно барање на известување за повлекување на блокадите на сметката која се води како блокирана (согласност од доверителите, доказ за намирување на долгот и сл.). Од 928 субјекти кои покрај сметката од АБС имаат и сметка во банка, 420 сметки немаат ниту салдо, ниту блокади и за овие не се доставени известувања на имателите на субјектите, а имателите на 230 сметки за одјавени во Регистарот на даночни обврзници. На 235 субјекти се доставени известувања за состојбата и од нив 185 пратки се вратени или воопшто нема повратен одговор, од 28 сметки е повлечена блокадата по нивно известување, а од 20 сметки е пренесено салдото во вкупен износ од 127.265 денари. Со ова, може да се смета дека во УЈП се затворени евиденциите пренесени од АБС за 885 од 928 субјекти, кои се водат како блокирани во УЈП, а имаат отворено сметка кај носител на платен промет. Исклучувајќи ги сметките на субјектите за кои е извршена одјава во Централниот регистар на РМ и во Регистарот на даночни обврзници во УЈП, како блокирани сметки пренесени од АБС во УЈП се водат уште 4.295 сметки, од кои 532 сметки се на субјекти кои се опфатени на списокот на субјекти за бришење кој беше доставен до Централниот регистар на РМ во 2013 година согласно член 8 став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, 1.689 сметки се на субјекти кои беа доставени до Централниот регистар на РМ по истиот основ, но беа вратени заради отворена постапка на ликвидација (што значи дека се очекува одјава на субјектот) и останатите 2.074 се сметки на субјекти кои не беа опфатени по ниту еден законски основ за бришење (јавни претпријатија и сл.) или се повлечени од бришење по нивно барање (судска постапка и сл.), како и сметките на субјектите од посебен економски интерес за РМ (Охис и Еурокомпозит).

- ***Утврдување на неактивност на субјекти кои не поднеле годишна сметка или изјава за немање активност во Централниот регистар на РМ*** - Согласно Законот за измени и дополнувања на Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“, бр.166/12), кој се применува од 1 јануари 2013 година, УЈП е надлежна да спроведе постапка за утврдување статус на неактивен субјект и да донесе решение за утврдување на ваков статус, за трговски друштва и трговци поединци кои не поднеле годишна сметка и финансиски извештаи за претходните три години, или не доставиле писмено известување до ЦРМ дека не биле активни. Субјектите за кои треба да се спроведе постапката за утврдување статус на неактивен субјект согласно овој закон, УЈП ги добива од ЦРМ по електронски пат. Со донесување на решение за утврдување на статус “неактивен субјект“ настануваат услови за бришење на субјектот, а постапката на бришење пропишана со законот ја спроведува ЦРМ. За УЈП оваа постапка е од големо значење бидејќи ќе овозможи ажурирање на даночниот регистер и водење на евиденции и планирање на сите активности за вистински активните даночни обврзници. По добиените податоци за трговци поединци и трговски друштва кои не поднеле Годишна сметка или изјава дека немале активности од 2009-2013 година, во УЈП се спроведуваа активности за утврдување на исполнувањето на пропишаните услови за утврдување на статус на неактивност на субјектите, врз основа на податоци од евиденциите на УЈП (поднесување на даночни пријави и др.) и со обезбедување на податоци од други лица (податоци за парични трансакции во деловните банки, податоци од АКН и ЦДХВ дали располагале со имот и др.).
Централниот регистар на РМ достави податоци за проверка на активноста на субјектите во три наврати. Од 6.187 субјекти кои беа доставени за спроведување на постапка за утврдување статус на неактивен субјект за 2009, 2010 и 2011 година од страна на ЦРМ, ЦРМ ќе избрише вкупно 6.003 субјекти по други

основи согласно одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“, бр.38/14) кои стапија на сила на 01.01.2015 година (за некои од овие субјекти УЈП веќе има донесено соодветно решение во постапката за утврдување на статус неактивен субјект).
Заради ваквата состојба, во 2015 година се направи дополнителна проверка и, по исклучување на овие субјекти, се констатира дека за утврдување на статус неактивен (по член 477-а) за 2009, 2010 и 2011 година во УЈП остануваат само 184 субјекти, од кои за 33 субјекти веќе се донесени решенија од страна на УЈП.
Во меѓувреме, настанати се промени во статусот на наведените субјекти во ЦРМ, односно од 151 субјекти кај 2 е отворена стечајна постапка и 31 субјекти се одјавени од Централниот регистар. Од страна на УЈП е утврдено дека кај 116 субјекти е настаната застареност за спроведување на надворешна контрола, а за 2 субјекти извршена е контрола за 2010 и 2011 година и донесени се соодветни решенија. Доставено е известување до ЦРМ за субјектите за кои нема да се донесе решение и причините за истото.
При второто доставување, со упарување на листите добиени од ЦРМ со дополнително доставените податоци за субјекти кои ќе ги бришат по службена должност, произлегува дека од 37.748 субјекти за кои УЈП треба да утврдува статус на неактивен субјект за 2012 година, ЦРМ по службена должност брише 30.120 субјекти, со што постапка во УЈП треба да се спроведува за останатите 7.628 субјекти и од 16.144 субјекти доставени до УЈП за постапување за 2010, 2011 и 2012 година, ЦРМ по службена должност брише 15.492 субјекти, со што постапка во УЈП треба да се спроведува за останатите 652 субјекти.
Утврдено е дека 5.338 субјекти имале определена активност, за 835 субјекти треба да се спроведат дополнителни проверки, 2.676 субјекти се одјавени од Регистарот на даночни обврзници врз основа на одјава во ЦРМ, во постапка на стечај или ликвидација или немаат ЕДБ во УЈП. За 5.173 субјекти се завршени активностите до донесување на решение за 2012 година и доставување на информацијата до ЦРМ.
При третото доставување за 2013 година, се утврди дека ЦРМ по службена должност ќе брише вкупно 4.383 субјект, а постапка во УЈП треба да се спроведе за вкупно 10.282 субјекти. По исклучување на 1 субјект одјавен во Регистарот на даночни обврзници, 120 субјекти кои немаат ЕДБ и не се наоѓаат во матичната евиденција на УЈП, 466 субјекти кои се во постапка на предстечај, стечај или ликвидација и 3 субјекти за кои УЈП веќе донела решение за неактивен субјект за три години по ред, преостануваат 9.694 субјекти за кои треба во УЈП да се спроведе постапка за утврдување на статус за 2013 година. За наведените 9.694 субјекти се спроведоа проверки и се утврди дека 4.208 субјекти не го исполнуваат условот за неактивен субјект, а за 5.485 субјекти треба да продолжат понатамошни постапки за утврдување на фактичката состојба и донесување на соодветно решение. За 1,543 субјекти се завршени активностите до донесување на решенија за неисполнување на услови за неактивен субјект, за 5 субјекти е утврдено дополнително дека се во стечај/ликвидација, за 906 субјекти треба да се спроведе надворешна контрола.

- ***Листа на должници*** – Согласно член 1 од Законот за измени и дополнување со кој се дополнува член 9 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.187/13) и согласно член 5 од Законот за измени и дополнување со кој се дополнува член 16 од Царинскиот закон („Службен весник на РМ“, бр.187/13), УЈП е надлежна, без согласност на даночниот обврзник, на својата веб страница да објавува листа на должници на доспеани и неплатени долгови по основ на данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход, придонеси од задолжително социјално осигурување, како и акцизи и царини. Во врска со објавување на листа на должници склучен е Меморандум за соработка со Царинската управа на РМ.
  На Листата на должници се објавуваат должниците кои, со состојба на последниот ден од претходниот месец, имаат вкупен долг по сите основи во износ повисок од 120.000 денари за физички лица и самостојни вршители на дејност, односно вкупен износ повисок од 300.000 денари за правни лица, не вклучувајќи ги обврските кои доспеале за плаќање во претходните три месеци. При утврдувањето на вкупниот износ на долг за секој должник, даночниот долг по еден основ се намалува за износот на даночно побарување или повеќе платен данок по ист или друг основ кој е евидентиран во даночната евиденција за даночниот обврзник до последниот ден од претходниот месец. Во Листата на должници не се опфаќаат должници кои се во постапка на стечај или ликвидација, за кои наплатата на даночниот долг не се врши според Законот за даночна постапка. Исто така, не се опфаќаат даночни долгови за кои е одобрено одложено плаќање (репрограмирање) за износот на недоспеаени рати, долгови за кои е продолжена доспеаноста за плаќање, долгови за кои е спроведен привремен отпис заради ненаплативост, даночни долгови кои се утврдени службено заради неподнесена даночна пријава, долгови кои се однесуваат на даночни обврски утврдени со даночни управни акти за кои е во тек постапка по жалба или управен спор. Со ваквото исклучување се овозможува со Листата на должници да се објавуваат само неспорни наплативи даночни долгови. Кај должниците кои се правно независни, но се поврзани и се однесуваат како еден даночен обврзник за ДДВ (поврзно лице), долгот за ДДВ на поврзаното лице во Листата на должници се прикажува и кај носителот и кај секоја од членките кои солидарно одговараат за неплатениот ДДВ на поврзаното лице. Во текот на 2015 година, во 12 наврати се објавени следниот број на должници и следниот износ на нето долгови по сите основи:

| | Бруто долг | | | | | Нето долг | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Правн лица | | СВД и физички лица | | Исправки | Даноци и придонеси | Царински давачки | Вкупно |
| 01/2015 | 2,995 | 12,475,884,175 | 1,202 | 765,872,140 | 12,844,452 | 13,026,183,647 | 202,728,216 | 13,228,911,863 |
| 02/2015 | 3,135 | 12,803,992,457 | 1,111 | 826,538,674 | 0 | 13,390,116,781 | 240,414,350 | 13,630,531,131 |
| 03/2015 | 3,016 | 12,513,308,595 | 1,083 | 800,501,946 | 528,154 | 13,084,551,954 | 228,730,433 | 13,313,282,387 |
| 04/2015 | 2,991 | 12,606,755,235 | 1,315 | 858,344,450 | 391,027 | 13,104,771,072 | 359,937,586 | 13,464,708,658 |
| 05/2015 | 3,339 | 13,184,219,209 | 957 | 565,049,042 | 5,293,608 | 13,503,239,100 | 240,735,543 | 13,743,974,643 |
| 06/2015 | 3,204 | 12,489,675,972 | 1,106 | 810,682,895 | | 13,061,353,508 | 239,005,359 | 13,300,358,867 |
| 07/2015 | 3,243 | 12,677,548,243 | 1,392 | 851,009,514 | | 13,289,345,606 | 239,212,151 | 13,528,557,757 |
| 08/2015 | 3,301 | 12,578,407,745 | 1,448 | 912,140,478 | | 13,250,646,323 | 239,901,900 | 13,490,548,223 |
| 09/2015 | 3,434 | 13,668,884,806 | 1,577 | 1,042,278,624 | 16,077,619 | 14,434,863,141 | 260,222,670 | 14,695,085,811 |
| 10/2015 | 3,370 | 12,784,857,096 | 1,352 | 808,180,907 | | 13,362,299,546 | 230,738,457 | 13,593,038,003 |
| 11/2015 | 3475 | 12,431,575,021 | 1,367 | 779,524,754 | 1,597,095 | 12,956,743,142 | 252,759,538 | 13,209,502,680 |
| 12/2015 | 3386 | 13,387,996,391 | 1,387 | 970,199,100 | 1,357,796 | 14,203,864,052 | 152,973,643 | 14,356,837,695 |

- **Радиодифузна такса (РДТ)** - Од 23.03.2015 година ставен е во функција нов специјализиран шалтер на УЈП за давање на услуги поврзани со РДТ, кој е лоциран на приземјето во зградата на Македонската радиотелевизија (бул.Гоце Делчев бб, Скопје), непосредно до шалтерскиот простор кој го опслужуваат вработени од ЈП МРТ, со работно време секој работен ден од 08.30 до 18.00 часот и во сабота од 08.30 до 14.00 часот. На Даночниот шалтер за РДТ работат три лица од УЈП кои се задолжени со решение на Директорот на УЈП како работна група и истиот во таква форма ќе функционира сè до создавање на услови за формирање на Центар за РДТ, како систематизирана организациона единица која во целост ќе ги преземе сите надлежности во врска со администрирањето на таксата. На Интранет се објавени насоки за комуникација и координација на даночниот шалтер за РДТ со другите организациони единици во УЈП. Според првичната концепција, Даночниот шалтер за РДТ требаше да обезбеди врска меѓу сите организациони единици на УЈП и МРТ, во поглед на препраќање на барања примени од обврзници за РДТ кои се однесуваат за исправка или ажурирање на податоци во Регистарот за РДТ. Од страна на Шалтерот до МРТ се доставени вкупно 455 барања за ажурирање и исправки на состојби во Регистарот на обврзници за плаќање на РДТ кој го води МРТ, од кои: по основ на двојно/тројно задолжување се 275 барања, по основ на промена на податоци се вкупно 52 барања (промена на адреса, иселено лице, промена на сопственик, промена на носител), по основ на ликвидација е 1 барање, за ослободување од РДТ се вкупно 115 барања, поради починато лице се вкупно 6 барања и за бришење од евиденција се вкупно 6 барања. Подоцна, заради ефикасност, комуникацијата со МРТ продолжи да се врши од страна на самите организациони единици на УЈП, а Шалтерот извршува работи на директни контакти со обврзници од територијата на РД Скопје, при што спроведува рачно книжење на некнижени уплати и средување на картици при промена на состојба во Регистарот (двојно задолжување и сл.), издавање на картици на обврзници и др., при што се прокнижени 10.556 ставки. Особени потешкотии произлегуваат од работењето со обврзниците за РДТ - физички лица кои се повеќекратни должници од неплатена РДТ. Заради неуспешно доставување на опомени за неплатена РДТ, УЈП подготви јавна објава на опомени кои се вратени како неуредно доставени (починат, иселен, преселен, непозната или нецелосна адреса и сл.), а за кои обврзници, по проверка извршена од страна на ЈП МРТ, се потврдува дека тоа им е последна пријавена адреса во МВР. На 13 и 14.03.2015 година, на веб страната на УЈП и во дневниот печат „Дневник“ е објавена Јавна објава на 45.065 доставени опомени, со која се повикани обврзниците да ја подигнат опомената која УЈП не била во можност да ја достави. Дополнително, на 23.03.2015 година е извршена и еднократна објава на опомените (освен 10 кои беа лично подигнати во УЈП) во „Службен весник на РМ“, со што се смета дека истите се уредно доставени до обврзниците. УЈП се соочува со проблеми при администрирањето на РДТ заради примена на постапки пропишани за утврдување и наплата на данок (даночна постапка). Со цел да се овозможи поедноставна, поефикасна и порационална постапка за наплата на РДТ, УЈП предложи измени во Законот за даночна постапка со кој се овозможува доставување на известување за неплатен долг во решението за РДТ, започнување на присилна наплата за РДТ врз основа на вакво известување и плаќање на РДТ со електронски даночен налог издаден од УЈП. Предлозите на УЈП во врска со опоменување за неплатен долг за РДТ и отпочнување на присилна наплата се ефектуирани со измена на Законот за даночна постапка од 04.09.2015 година. Исто така, до носителите на платен промет е доставено упатство за правилно пополнување на платните инструменти ПП10 и ПП30, како и за начинот на пресметка на фолио бројот, заради одбегнување на неточности и правилно раскнижување на уплатата на РДТ во евиденциите кои се водат во УЈП.

- ***Даночно книговодство*** - Со измените и дополнувањето на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“, бр.130/14), од 01.01.2015 година се пропишаа посебни одредби за начинот на постапување при пренос на движен и недвижен имот во постапка за присилна наплата односно присилно извршување, кога должникот е регистриран за ДДВ. Пресметувањето и плаќањето на ДДВ на прометот на добрата кои се предмет на продажбата го врши субјектот надлежен за присилна наплата односно присилно извршување, во име и за сметка на должникот на посебен образец - Извештај за задржан данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување

“ДДВ-ПНПИ“. Истиот плаќањето на ДДВ го врши поединечно за секој даночен обврзник на буџетска сметка, на денот кога е извршена уплатата од страна на стекнувачот на доброто, а најдоцна во рок од пет работни дена. Со цел да се овозможи автоматско книжење на уплатите директно на ЕДБ на должникот и да се воведе евиденција за пресметаниот и платениот ДДВ на прометот на добрата кои се предмет на продажба во постапка на присилна наплата, информирани се Комората на извршители на РМ и носителите на платен промет за начинот на пополнување на податоците во налогот за плаќање и потребните контроли при уплатата. За потребите на вработените на Интранет се објавени насоки за постапување кои го појаснуваат начинот на пресметување на ДДВ во постапка на присилна наплата и присилно извршување, начинот на доставување на извештај “ДДВ-ПНПИ“. до УЈП, начинот на уплата на задржаниот ДДВ и за евидентирање на задолженијата и уплатите на задржаниот ДДВ. Насоките за постапување исто така го појаснуваат и начинот на пресметување на ДДВ, изготвување на извештај “ДДВ-ПНПИ/ДС“ и евидентирање на намалувањето на даночниот долг на должникот во постапка на присилна наплата што ја спроведува УЈП, во случај кога Република Македонија како доверител се стекнува со доброто (недвижност) доколку продажбата не е успешна и после втора јавна аукција (член 155 став 10 од Законот за даночна постапка).



# ВИСОК СТЕПЕН НА ДОБРОВОЛНО И ЗАКОНСКО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ

*Без интервенции и било какви репресивни постапки, преку подигнување на довербата на даночните обврзници кон институцијата и обезбедување на можности за брз и едноставен контакт заради информирање, едуцирање и остварување на услугите успеавме 87.46% од даночниот приход да биде наплатен доброволно и со 80%-100% од поднесените даночни пријави, зависно од видот на пријавата, навремено да бидат пријавени даночните обврски.*

Продолжуваат активностите за оспособување на даночните обврзници за навремено и доброволно исполнување на нивните законски обврски преку изготвување на пишани материјали, брошури, соопштенија за информирање на даночните обврзници, одржување семинари и други едукативни и информативни средби со даночните обврзници и со избрани интересни групи:

- Извршени се 19.686 советодавни посети на даночни обврзници кои се особено ефикасни кај новорегистрираните обврзници; извршени се 932 едукативни семинари кои воглавно се однесуваат на едукација на новорегистрирани субјекти, е-Даноци, фискалната едукација на младите, закон за готовинско плаќање, паушално пријавување на приходите од земјоделска дејност, даночни поттикнувања според Законот за донации и спонзорства, одговорено е на 618 писмено поставени прашања, 5,937 прашања доставени по е-пошта и 3.890 телефонски поставени прашања;
- Извршено е ажурирање согласно законските или процедуралните промени на постоечки брошури, флаери, водичи, даночен календар, инструкции.
- Во 2015 година УЈП ги издаде и ги објави следните електронски публикации, и тоа: **Брошури** (Задржување на данокот на приход платен на странски правни лица, Поедноставен даночен режим за мали и микро бизниси, Регистрација, пријавување и плаќање на данокот на додадена вредност, Давање и примање на донации и спонзорства, Приредување на игри на среќа и забавни игри, Годишна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход, Оданочување на приходи од имот и имотни права (закупнина), Оданочување на приходи остварени од вршење самостојна дејност, Паушално оданочување на приходи од земјоделска дејност, Фискализација и регистрирање на готовински плаќања); **Информативни проспекти** (Оданочување со данок на добивка, Оданочување со данок на додадена вредност, Персонален данок на доход - Оданочување на приходи на граѓани, УЈП отвори нов шалтер за РДТ во зградата на Македонска радиотелевизија; **Флаери** e-aukcii.ujp.gov.mk, Продажба на движни предмети и недвижности, Данокот не е игра на среќа!, Куќа без данок е како куќа без кров!, е-Радиодифузна такса, е-Плаќање на персонален данок, Повелба за правата на даночниот обврзник); **Плакат** (e-aukcii.ujp.gov.mk Продажба на движни предмети и недвижности, Поднеси Годишна даночна пријава за 2015 година).
- За сите настани и предстојни обврски согласно Даночниот календар, за сите новини во даночното законодавство или за сите промени во работните процедури кои ги применува УЈП, а се од важност за оданочувањето на даночните обврзници, УЈП редовно издава соопштенија на својата веб страна, во

пишаните медиуми и учествува во емисии на електронските медиуми. Содржините на веб страницата (македонска и англиска верзија) се ажурирани и дополнети согласно Даночниот календар за 2015 година и редовно се усогласуваат и ажурираат согласно измените на законите и подзаконските акти.
На веб страната се објавени 56 соопштенија кои во зависност од содржината се доставуваат и преку е-пошта до целни групи и медиумите; 11 возни реда на мобилните даночни шалтери; објавени се Извештаи за добиените донации во 2014 од 14 политички партии; Содржините на веб страницата тековно се ажурираат согласно измените на законската и подзаконските акти, промените во даночни процедури, потребата од навремено информирање и запознавањето на јавноста, даночните обврзници и целни групи за новините во даночното работење и услуги на УЈП и др. Содржините во делот на Радиодифузна такса се збогатени со дополнителни информации: Совети и препораки за Радиодифузна такса, Контакт - Даночен шалтер за Радиодифузна такса, Рок и начини на плаќање на радиодифузната такса.

- Донесен е План и Програма за едукација на населението кои имаат за цел, преку веќе отворените даночни шалтери на УЈП да се влије граѓаните кои гравитираат кон соодветна општина да добиваат поквалитетни услуги и на зголемување на бројот на поднесени даночни пријави. Со оглед што, секој град, населено место има различна структура на население по основ на видот на дејностите кои се вршат (пр. земјоделие, градежништво, сточарство, туризам и сл), УЈП-ГД изготви профил на општината со цел, врз добиените сознанија, да се стави акцент на содржината на обуките на населението соодветно на општината. Во 2015 година преку Даночните шалтери во 28 општини спроведени се 1.216 едукативни средби со граѓани и даночни обврзници кои вршат дејност од времен карактер во места каде се одржуваат манифестации/настани/панаѓури.
- Заради совпаѓање на работното време на голем број даночни обврзници со работното време на УЈП, а со цел на давање услуги согласно потребите, од 01.10.2014 година се продолжува работното време на Регионалните дирекции во Скопје, Битола, Тетово, Штип и Кавадарци до 18,00 часот од понеделник до петок и до 14,00 часот во сабота; од 01.01.2015 година работното време на даночните одделенија во Прилеп, Охрид, Гостивар, Кичево, Струмица, Куманово, Гевгелија и Велес се продолжува од понеделник до петок до 18,00 часот и до 14,00 часот во сабота; Контакт центарот на УЈП во Скопје продолжува и понатаму да работи до 20,00 часот од понеделник до сабота за сите даночни обврзници.
- При информирање на даночните обврзници и целни групи преку веб страницата на УЈП, медиумите, е-пошта и сите расположливи канали за комуникација, но и во рамките на планирањето и реализацијата на сите медиумски активности и настани на УЈП, публикациите, информативните материјали и другите начини на јавно информирање, особено е дадено акцент на промоцијата и стимулирањето на користењето на електронските услуги на УЈП.
  - Персонален данок на доход – Поднесување на годишни извештаи за 2014 година по електронски пат објавени насоки и упатства, извршено поедноставување на електронското доставување на податоците и промена на обрасци со цел унифицирање и поедноставување.
  - Измени на образец „ Известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврските“ УЈП-ДИ-3.2-03. Со цел поедноставување на исполнување на законска обврската на нотарите согласно Законот за финансиска дисциплина, УЈП изврши измена на образецот кој е прилагоден и за достава преку е-Даноци.
  - Насоки и упатства за поднесување на Даночни биланси "ДБ" и "ДБ-ВП" за 2014 година по електронски пат.
  - Информирање за можноста граѓаните да поднесуваат Годишна даночна пријава преку е-Даноци
  - Издавање на уверенија и потврди по поднесено Барање по службена должност преку системот е-Даноци.
  - Он-лајн плаќање на РДТ со безготовински картички - нова услуга за граѓаните
  - Интернет плаќање на даноци со безготовинска картичка (нова услуга за граѓаните за он-лајн преглед и плаќање на даночни долгови за ПДД, ДДВ и РДТ).
- Цел на УЈП е постојано да го зголемува бројот на даночни обврзници кои доставуваат даночни пријави, различни барања, примаат даночни акти и различни известувања и информации преку електронскиот систем на УЈП, односно, да го зголемува бројот на регистрирани обврзници за е-Даноци, и на тој начин да го намалува видот и обемот на своето работење со хартија. УЈП го развива системот на информирање на целни групи (граѓани, консалтинг куќи, сметководствени бироа, федерации, здруженија на граѓани и фондации, стопански комори и сл.), со посебен акцент на развој и имплементација на електронската комуникација. Бројот на обврзници регистрирани за е-Даноци заклучно со 31.12.2015 година е 112,637, од кои се 84,657 правни лица и вршители на дејност, а 27,980 физички лица. Од овие лица, 14,472 лица се регистрирани за е-Даноци без употреба на дигитален сертификат, за увид во состојба и плаќање на РДТ, а која функционалност е овозможена од 01.07.2014 година.

  За зголемување на бројот на корисници, допринесоа воведувањето и на следниве сервиси:
  - Од 01.01.2015 година УЈП воведе електронски сервиси со цел државните институции во име на деловните субјекти и физичките лица да имаат можност барањето да го поднесат по службена

должност електронски преку https://etax-fl.ujp.gov.mk и УЈП електронски да им го издаде Уверението/Потврдата преку е-Даноци. На веб страната на УЈП и во системот е-Даноци поставени се посебни обрасци на барања за издавање на уверенија по службена должност. Извршена е обука на претставници од МЗШВ, АФПЗРР и ЦУ, за поднесување на вакви барања од нивна страна преку е-Даноци.
- Во 2015 година засилена е електронската комуникација со даночните обврзници, особено е важно редовното доставување на опомени за неплатени обврски по основ на јавни давачки основи (ДДВ, ДД, МПИН и РДТ), а се донесени и промнени во Законот за даночна постапка кои овозможуваат ваквата пракса да се воведе за сите даночни обврзници, со што би ги опфатиле и физичките лица, доколку дадат претходна согласност за тоа.
- Од 20.12.2014 година поставена е бесплатна мобилна апликација за mTAX, за увид во состојбата за РДТ и истата може да ја користат веќе регистрирани корисници на системот е-Даноци, со или без дигитален сертификат.
- Од 15.04.2015 година се воведе новата он-лајн услуга за плаќање на РДТ, преку виртуелен ПОС терминал со користење на платежни картици. Оваа нова услуга е достапна за сите физички лица кои се регистрирани на системот е-Даноци, а кои се обврзници за радиодифузна такса.
- Од 30.04.2015 година, започна и имплементацијата на новиот сервис - Регистрација на физички лица, обврзници за плаќање на персонален данок на доход, без употреба на дигитален сертификат. На овие лица им е овозможен увид во состојбата за даночни евиденции за персонален данок на доход за физички лица, преглед на неплатени долгови по истиот основ и он-лајн услуга за плаќање на ПДД преку виртуелен ПОС терминал со користење на платежни картици.
- Од 15.06.2015 година е овозможено електронското плаќање на даноци и радиодифузна такса од трансакциска сметка за правни и физички лица, преку поставување на линковите кон електронското банкарство на деловни банки.
- е-Потсетник - доставување на автоматски потсетници преку е-пошта за пријавување и за плаќање на даночните обврски. Развиен е софтвер за потсетување на даночните обврзници по е-пошта и СМС порака на мобилен телефон. Тековно се испраќа електронска пошта, а се планира во 2016 година да се испраќаат и СМС пораки.

- Нашето искуство покажува дека со поедноставување на начинот на пополнување на обрасците на кои се искажуваат даночните обврски или преку кои се поднесуваат барања до УЈП, можно е подобрување на доброволната усогласеност. Од тие причини, во 2015 година го продолживме процесот на редизајнирање на обрасците во смисла на нивно поедноставување, но и носење и креирање на нови обрасци согласно законските измени - “Известување за пречекорување на законските рокови за плаќање на обврските“, “Извештај за пресметка на ДДВ во постапка на присилна наплата и присилно извршување“, “Аконтативна даночна пријава за остварени капитални добивки“.

- Извршени се обуки на студентите од Правниот факултет на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ на тема, "Услуги кои ги дава УЈП".

- Градењето на социјално-свесни и совесни даночни обврзници беше основа за континуирано одвивање на Проектот Фискална едукација на младите насловена „Зошто да плаќаме даноци“ за што е изготвена посебна презентација на CD. Во рамки на Проектот, УЈП спроведе 771 обуки на средношколци во 2015 година.
  Преку проектот „Фискална едукација на младите, средношколците 6-та година по ред имаат можност да добијат појасна слика за тоа што претставува данокот и која е општествената корист од плаќањето на даноците. Проектот се спроведува во рамките на образовниот систем како најповикан и најсоодветен сегмент на општеството за едукација и воспитување на младите, а го отпочнавме со цел: подигнување на даночната култура, зголемување на свеста и знаењето на младите, подобрување на даночната навика кај граѓаните, стекнување на основно знаење на младите за даночниот систем на РМ, стекнување на стручно знаење на учениците од средните економски училишта, усовршување на стручното знаење на студентите. Овогодинешната програмата за „Фискална едукација на младите“ во средните училишта, традиционално се заокружи со избор на најкреативен цртеж. На конкурсот кој беше отворен од 10 октомври до 29 ноември 2015 година, во изборот за најкреативна визуелна порака на тема „Како ја гледате иднината на земјата „со” или „без” плаќање на даноци“, учествуваа 138 ученици од 43 средни училишта. Цртежите на учениците, не само што ги изразуваат нивните ставови кон даноците, работењето на Управата и даночниците, нивната визија за иднината од плаќањето на даноците, содржат и јасни пораки упатени кон сите нас – граѓани, даночни обврзници, институции, општествени чинители. Визуелната порака на младите ја проследивме до целокупната јавност со тоа што најкреативниот цртеж стана дел од кампањата на УЈП („Поднесување на Годишна даночна пријава за 2015 година“).

- Со давање интервјуа и гостување во медиуми од страна на претставници на УЈП, се делува едукативно и информативно:

  - (29 јануари) емисија „Актуелно Форум“ на Македонското радио, гостин Мухедин Авдиќ - Раководител на сектор за услуги на даночни обврзници на тема „ГПРС фискализација“.

- (14 март) емисија „Спектар“ на Македонското радио, интервју Весна Новаковиќ- Шеф на канцеларија/портпарол на тема „Поднесување на Годишна даночна пријава за остварени приходи во 2014 година“.
- (18 март) емисија „Индекс“ на Радио Слободна Македонија, интервју Весна Новаковиќ- Шеф на канцеларија/портпарол.
- (24 април) емисија „Аграр“ на МТВ, интервју Мухедин Авдиќ – Раководител на сектор за услуги на даночни обврзници и даноци на тема „Оданочување на земјоделци, новини.“
- (29 октомври) „Вечер“ – Интервју Горан Трајковски – Директор на УЈП „Развојот на електронските даночни услуги значително ќе ја подобри бизнис климата“.
- (11 ноември) „Утрински весник“ – Интервју Кирил Миноски – Директор на УЈП „Тешко е да ги убедите луѓето дека „земањето пари“ е услуга“.
- (25 декември) „Капитал“ – Интервју Кирил Миноски – Директор на УЈП „Главна цел треба да ни биде да создадеме богати компании“.

• Во Контакт центарот на УЈП, како централна точка за информација за сите даночни обврзници, континуирано се дополнува и ажурира базата на знаење со нови содржини од областа на даноците и социјалните придонеси. Преку Повикувачки Центар – Инфо даноци во рамките на кој функционира телефонската линија 0800 33 000 се примени 20,570 повици од даночните обврзници со прашања за даноците и оданочувањето од кои 82 за персонален данок, 9 за ДДВ и 20,479 други повици - по основ на радио дифузна такса, инсталација на код, прашања за наплата на глоби, фискализација, придонеси и социјално осигурување, начин и постапка на регистрација по разни основи, пополнување на обрасци итн.

• Вработените од Контакт центарот работат и на информирање на даночните обврзници за состојбите на нивните даночни долгови за што се извршени 11,407 телефонски известувања за долг по основ на ДДВ или радиодифузна такса кои не се платени во определен законски рок.

• Преку телефонската линија 198 која функционира во состав на Контакт центарот, на сите граѓани им е овозможено да пријавуваат неправилности и незаконитости во работењето на даночните обврзници, но и на непрофесионално и коруптивно однесување на даночните службеници. Во 2015 година на овој начин се пристигнати 3,559 пријави за неправилности по кои УЈП постапуваше.Во исто време на граѓаните им е овозможено и електронско пријавување на истите неправилности, што во 2015 година тие го користеле во 687 случаи.

| **Телефонската линија 198** | | **Електронско пријавување на неправилности** | |
|---|---|---|---|
| Непрофесионално однесување на службеник | 101 | Непрофесионално однесување на службеник | 22 |
| Неиздавање на фискална сметка, | 1,544 | Неиздавање на фискална сметка, | 360 |
| Затајување на данок | 1,376 | Затајување на данок | 164 |
| Неправилности поврзани со плати | 77 | Неправилности поврзани со плати | 141 |
| Невалидни пријави | 314 | Невалидни пријави | 0 |
| Други пријави | 147 | Други пријави | 0 |
| **Вкупно** | **3,559** | **Вкупно** | **687** |



## УЈП ДА СТАНЕ МЕСТО НА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ

*Раководејќи се од постојните услови и новите предизвици на кои треба да одговори Управата за јавни приходи, стратегијата за човечки ресурси е ориентирана кон креирање на современ модел на управување со човечките ресурси, подобрување на структурата и капацитетите на вработените за иницирање на промени и управување со нив, за работа со современи ИТ решенија и за јакнење на внатрешните организациски односи. Искуството на УЈП потврдува дека човечките ресурси се најважниот елемент за развој на организацијата. Затоа активностите во овој сегмент во 2015 година беа насочени кон организирање на едукација која ќе ги поттикнува индивидуалните квалитети. Исто така, вработените во УЈП ја негуваат и општествената одговорност, како преку сопствениот позитивен пример да се влијае позитивно на животната средина и на општествената заедница.*

**Насочената едукација** на вработените преку Даночната Академија (ДА) треба да ја поддржи реорганизацијата на институцијата и новите деловни процеси на клучните функции, како и потребите за обука за работењето и управувањето со цел да ја подобри способноста на вработените на сите нивоа, водејќи кон подобрено извршување на работата и услугите, на доброволното исполнување на даночните обврски од страна на даночните обврзници и на присилното извршување, кога тоа ќе биде потребно. Во тој контекст донесена е Годишна програма за едукација на вработените за 2015 преку Даночната академија и спроведени се квартални ажурирања согласно потребите за едукација на вработените во УЈП и на други интересни групи. Во извршување на својата функција Даночната академија има соработувано со повеќе домашни институции, меѓу кои се: Академијата за судии и јавни обвинители, Министерство за финансии, Американска Стопанска Комора, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународна канцеларија за труд, Министерство за труд и социјална политика и други, како и со странски институции и програми како што се: FISCALIS, IOTA, TAIEX и други. Обуките кои што се организираат преку ДА можат да се поделат во неколку категории и тоа: Обуки за вработени во УЈП организирани од ДА, Обуки за вработени во УЈП организирани во други домашни институции, Работни посети и обуки за вработени во УЈП организирани во соработка со меѓународни институции и врз основа на меѓународни програми, Конференции организирани во Република Македонија, Обуки за вработени во јавната или државната администрација, Обуки преку проектот Фискална едукација на млади кои се спроведуваат во средните училишта, Обуки за студенти од универзитетите во Република Македонија, Обуки за потребите на даночните обврзници.

- Преку ДА се спроведени следните интерни едукации за вработени во УЈП: Успешни даночни службеници - едукации на нововработени лица во УЈП (42 даночни службеника), Систем на управување со квалитет (26 даночни службеника), Закон за финансиска дисциплина (24 даночни службеника), е-Влада (32 даночни службеника), Управување со ризик (27 даночни службеника), Фискални апарати со GPRS (36 даночни службеника), Проблеми во врска со фискализација (13 даночни службеника), Примена на даночното ослободување или олеснување кое произлегува од меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување (24 даночни службеника), Практична примена на одредбите за присилна наплата согласно ЗДП (19 даночни службеника), Нов Закон за прекршоци и спроведувањето на прекршочната постапка во УЈП (376 учесника од ОПР, ОУНД, ОРУДО, РДИ и членови на Комисиите за прекршоци од сите РД на УЈП), ИТ Ревизија (24 учесника од УЈП), е-Учење (15 даночни службеника) и др.
- Едукативни настани на даночни службеници во соработка со TAIEX - На 23-24/02/2015 година, се одржа TAIEX работилница на тема „ДДВ Измами" на која присутните учесници од УЈП имаа можност да се запознаат подетално со: ДДВ измами и специфики на ДДВ измамите, ДДВ измами во градежната индустрија, Процедури на даночната администрација во процесирањето на ДДВ пријавите, Судска пракса во случаите со ДДВ измами, Правни лица ангажирани во нерегистрирана градежна активност, ДДВ измами за физички лица кои се ангажирани во нерегистрирана градежна активност, ДДВ измами со стари метали и производи од нафтена индустрија, Ефекти и искуство со Reverse Charge System; На 14-15.09.2015 година се одржа работилница на тема "Примена на меѓунардоните сметководствени стандарди во однос на оданочувањето".
- Настани организирани преку Програмата FISCALIS 2020 - Претставници на УЈП учествуваа на следните состаноци: Фискалис 2020 Комитетот (2), ИТ Технологија и инфраструктура (2), Проектна група за Мултилатерални контроли, ФИСКАЛИС координатори за работни посети, ЕУ Комуникациска мрежа за оданочување и царина, е- Контроли, Реализирани се следните работни посети на други даночни администрации: ИТ Форензика, Функционирање на Контакт центар, Едукативни настани – потреби и обврски на даночните службеници, Reverse Charge System, Практична примена на Автоматска размена на податоци, Физички лица со големо богатство, Вработени од УЈП присуствуваа на следните работилници: Годишна работна програма за 2016 година, Теренско истражување за даночна усогласеност.
- Едукативни настани организирани преку IOTA - Вработени од УЈП учествуваа во следните настани од програмата на Интра-европската организација на даночни администрации (IOTA): 22-ри Форум на IOTA за Контакт лица, Употребата на ИТ алатки и Форензички податоци за идентификување на случаи на даночна евазија, Улогата на медиумите во градењето на доверба помеѓу даночните обврзници и даночните органи, Користење на аналитиката за борба против неусогласеноста и измамата, 19 то Генерално собрание на IOTA одржано во Ротердам, Холандија.
- Едукативни настани организирани од ЦЕФ Љубљана - Борба против даночната евазија и избегнување плаќање даноци, Развивање на ефективна програма за контрола на даночни обврзници, Модерни пристапи за даночна усогласеност, Борба против ДДВ измами.
- 2 работилници во рамки на експертска мисија „Зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии за макроекономски анализи и креирање на политики" (4 даночни службеника).
- Во организација на Меѓународната канцеларија за труд - Работилница за наплата за социјални придонеси (2 учесника од УЈП).
- Учество во настан организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители - Присилна наплата и Закон за данок на добивка (10 даночни службеника).
- Учество во едукативни настани организирани од страна на Министерството за труд и социјална политика: Основна обука за базичното законодавство (2 учесника од УЈП), Тркалезна маса во рамки на твининг проект EU Work (1 учесник од УЈП), Обука на тема „Важечко законодавство во ЕУ" како дел од проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективно имплементирање на законодавството на Европската Унија во сферата на слободно движење на работниците" чии донатор е Националната ИПА програма (2 учесника од УЈП), Тркалезна маса посветена на Придонесите од плата (4 учесника од УЈП).
- Други настани: АД ХОК работилница во организација на Мотива на тема Унапредување на квалитетот на услугата кон даночните обврзници (37 даночни службеника), АД ХОК работилница во организација на Мотива на тема Работа во тимови (20 даночни службеника), АД ХОК обука во организација на Американска Стопанска Комора на тема ОЕЦД трансферни цени (21 даночен службеник), работилница на тема "ИТ Ревизија" во рамки на соработка на МФ на РМ и Холандија (11 учесника од УЈП), преку Твининг проект со Шпанската даночна администрација обуки како до подобри услуги во Контакт центарот на УЈП (90 вработени од УЈП).
- Преку Даночната академија се организираат и едукативни настани за **надворешни заинтересирани страни**: Запознавање со работните процеси на УЈП (31 студент од Правен факултет Јустинијан-Скопје), Запознавање со работните процеси на УЈП (20 студенти од Еуро колеџ од Куманово), 25 студенти по

даночно право од Универзитетот Tilburg во Холандија на која студентите се запознаа со работните процеси на Управата за јавни приходи, „Примена на даночно ослободување или олеснување кое произлегува од меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување” на која присуствуваа 14 надворешни учесници, е-Даноци (600 надворешни учесника).

Во 2015 година обуките спроведени од Даночната академија, самостојно или во соработка со други институции, ги посетија 1,763 учесници:
- **681** вработени од УЈП посетија работилници и обуки организирани од Даночната академија.
- **47** вработени од УЈП учествувале на работни посети во странство.
- **109** вработени од УЈП имаат посетено обуки организирани од страна на други институции.
- **899** учесници од надворешно заинтересирани страни.

По завршување на секоја обука, учесниците пополнуваат Прашалник за евалуација на програмите за учење и развој, со кој даваат оценка на одржана обука и на предавачите и Извештај за обуки и стручно усовршување, со кој искажуваат дополнителни потреби од обуки на одредени теми. Искажаните дополнителни потреби за обуки се земаат во предвид при составувањето на програмата за обуки за наредните периоди.
Базата на податоци на Даночната академија се ажурира по одржување на секој едукативен настан Истата покрај другото ги содржи и податоците за лицата кои биле предавачи и на Презентациите кои биле користени за време на настаните.

## Подобрување на структурата и интегритетот на вработените и праведно наградување на вработените

Постојат повеќе аргументи кои упатуваат на фактот дека УЈП станува посакувано место за работење на млади и перспективни луѓе.

- Согласно новите закони за административни службеници и за вработените во јавниот сектор, УЈП е вклучена во ИСУЧР (Информациониот систем за управување со човечки ресурси - HRMIS/MIOA) како единствена база на податоци за човечките ресурси во јавниот сектор под ингеренции на Министерството за информатичко општество и администрација, чија обврска е внесување и водење на евиденција на сите релевантни професионални и лични податоци за сите службеници во Управата за јавни приходи.
- Во 2015 година реализирани се 38 вработувања преку распишани јавни огласи за вработување, 18 вработувања со склучување спогодба за преземање на државни службеници од еден во друг орган и едно (1) лице е вратено на работа по судска одлука.
- Според Програмата на Владата за вработување на 1600 лица од социјално загрозени семејства, во УЈП се вработени (2) лица.
- Според Програмата на Владата за вработување по Рамковен договор, во УЈП се вработени (34) лица.
- Согласно Законот за трансформација во редовен работен однос, вработени се (18) лица.
- Организирани се редовни систематски прегледи на вработени во избраната здравствена организација со поединечно упатување на вработените врз основа на утврден распоред.
- За сите вработени воспоставивме систем на мерење на учиноците и оценка на резултатите од работењето и севкупното однесување по донесена методологија. Во текот на годината се изработуваа квартални извештаи за мерење на учиноците со примена на “коефициентите на сложеност“ за секоја функција, воведени за прв пат во 2012 година.
- Денот на даночниците „Св. Матеј“ е можност за преиспитување на стореното и за наградување на најдобрите. На 27.11.2015 година организирана е централна прослава за свечено одбележување на Денот на даночниците за вработените во УЈП, на која директорот на УЈП традиционално ги додели јубилејните награди за 2015 година, и тоа: Благодарница за допринос во спроведување на активности при одбележување на денот на даночните службеници на Синдикат на УПОЗ – Синдикална организација на УЈП, Признание за долгогодишна и непрекината работа во УЈП (83 лица), Благодарница за долгогодишна работа во УЈП (26 лица), Пофалница за професионалност и ефикасност во работата на УЈП (28 лица).
- Во 2015 година за непрофесионално однесување на вработени лица во УЈП добиени се 22 претставки од граѓани и правни лица - 2 се предадени на надлежност на ГДИ, по 15 е постапено, 5 се во тек; Преку отворената телефонска линија 198 поднесени се 100 пријави, по 94 е постапено, 6 се во тек; Оформени се 44 предмети кои произлегуваат од извршен увид во записници и информации и внатрешни предмети за испитување на постапувањето на даночните службеници, по 42 е постапено, 2 се во тек; Од страна на Комисиите за утврдување на повредите на службената должност, утврдување на одговорноста и изрекување на мерки, изречени се вкупно 22 опомени, поведени се вкупно (10) десет постапки за утврдување на одговорност, од кои во (6) шест постапки е изречена парична казна, (2) две постапки се запрени со заклучок, по 1 (една ) постапка е изречена мерка отказ на договор за вработување, 1 (една)

постапка е поништена од страна на второстепен орган. До Единицата за професионални стандарди во 2015 година нема доставено известување за постоење на сомнеж за измами или корупција.

## Општествената одговорност – (во соработка со Синдикалната организација на УЈП)

- Во пресрет на одбележувањето на Денот на даночниците „Св.Матеј“, УЈП и оваа година на 27 ноември традиционално ја организираше Крводарителската акција „Капка крв, спасува живот”. На 16 пунктови во земјата крв даруваа 120 вработени во УЈП.
- Под слоганот „Даноците се лесно четиво, доколку го научиш!“ веќе шестта година по ред ги запознаваме учениците во средните училишта со нивните основни права, но и должности како идни даночни обврзници. Досега спроведовме едукација на илјадници млади луѓе – ученици во средни училишта и студенти. Овогодинешната програмата за „Фискална едукација на младите“ во средните училишта, традиционално се заокружи со избор на најкреативен цртеж. На конкурсот отворен од 10 октомври до 29 ноември 2015 година, во изборот за најкреативна визуелна порака на тема „Како ја гледате иднината на земјата „со” или „без” плаќање на даноци“, учествуваа 138 ученици од 43 средни училишта. Најкреативниот цртеж кој доаѓа од ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ од Штип е дел од кампањата на УЈП „Поднесување на Годишна даночна пријава за 2015 година“, која се спроведува од 1 јануари до 15 март 2016 година, а на младиот автор кој е победник на овој конкурс Директорот на УЈП му додели подарок. Подароци беа врачени и на авторите кои влегоа во потесниот круг на најкреативни цртежи, а со своите цртежи беа номинирани на второ и трето место.
- Синдикатот на Управата за јавни приходи под мотото „Биди човек, биди хуман“, а во рамките на Програма за одбележување на 29-ти Ноември Денот на даночниците, организираше хуманитарната акција, во која преку давање на доброволен прилог секој вработен има можност да покаже иницијатива и општествена одговорност за помош на најранливата категорија – децата. Собраните парични средства од вработените беа донирани во Посебното основно училиште „Свети Климент Охридски“, Ново Село“.



# УЈП ДА ЗАЗЕМЕ СООДВЕТНО МЕСТОТО И ДА УЧЕСТВУВАМЕ ВО СИТЕ ЗБИДНУВАЊА ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

*Етаблирањето на Даночната администрација во меѓународни рамки и размената на податоците и искуствата на меѓународно ниво ќе го забрза процесот на модернизација на УЈП и изедначување со европските практики*

## Соработка со меѓународни институции, организаци и со даночните администрации на државите членки на Европската Унија и други земји надвор од неа

УЈП посветува особено внимание на соработката со меѓународни стручни организации кои се место на размена на искуства и стручни знаења помеѓу даночните администрации од европските земји, а често и пошироко, но и место од каде отпочнуваат да се имплементираат новините во даночното законодавство и даночната пракса. Не се помалку важни билатералните контакти со даночните администрации, особено со оние од регионот, со кои често пати споделуваме идентични или слични состојби и со кои размената на искуства е многу делотворна.

- УЈП е членка на Интра европската организација на даночните администрации (IOTA) и учествува во Годишната програма на оваа организација. Воспоставена е практика на објавување на соопштенија на веб страната на IOTA за позначајните активности кои се спроведуваат во УЈП, и на учество на претставници на УЈП во ареа групите, работилниците, “PCP” Форумот и Генералното собрание на IOTA. Во текот на 2015 година претставници од УЈП учествуваа на работилници, форуми, состаноци, на кои се разменуваат искуства за проблемите со кои се соочуваат даночните администрации, како и за решенијата и постапувањето за конкретните случаи и во рамки на соработката со другите членки на IOTA, УЈП одговори на следните поставени прашања: VAT legislation in Compensation for Non-compliance of Contractual Period, Simplified tax arrangements for natural persons who perform economic activities, The record of non-fiscal payments, Application of scorecard system for effective call center management, Tax secrecy and open data, (The record of non-fiscal payments, Application of scorecard system for effective call center management, Tax secrecy and open data, Establishment of the assessment system of tax evasion risks and improvement of selection mechanisms based on this system, The taxation of incomes obtained by the representative offices of foreign companies, Taxation of Assets in the Case of Mergers and Acquisitions, Taxation of motor cars owned by a company, Organization and processes of internal audit function within tax administrations, Electronic auction of movables. УЈП даде свој предлог за 3 приоритетни теми кои би биле вклучени во годишната работна програма на IOTA за 2016 година: Practical issues of Mapping risks in Tax administrations by Using Tax and Non-Tax Data , Use of Predictive Analytics in Tax Administration, Tracking Cash Flow in relation to e - Commerce. Од страна на УЈП испратено е техничко прашање до земјите членки на IOTA за:Liscensing tax auditors, Tax tretmant tax of individuals who earn income through e-Commerce.

- Во декември 2014 е спроведена дијагностичката мисија од Секторот за фискални работи (FAD) на Меѓународниот Монетарен Фонд (**IMF**) во рамки на програмата за Реформирање и модернизација на даночните управи во југоисточна Европа - FAD_EUR_2010_02, при што е изготвен и нацрт план за спроведување на техничка помош во периодот 2015-2020 година. Во рамки на техничката помош од оваа програма, во 2015 година спроведени се следните активности:
  - Во периодот 03-16.02.2015 година, во рамките на имплементацијата на проектот Управување со ризик, експерт од ММФ работеше со формираната работна група за управување со ризик на модел за проценка на стапката на неусогласеност и негово приспособување на потребите и работењето на УЈП
  - На 21-22.05.2015 година, се одржаа повторни средби помеѓу дел од раководството на УЈП и експерти од ММФ, на кои се разговараше за извештајот на оценувачката мисија на ММФ одржана во декември 2014 година, како и за планот за понатамошни реформи во УЈП за периодот 2015-2020 година.
  - Во периодот од 28/09-09.10.2015 година во УЈП се одржа втора експертска мисија на тема Управување со усогласеност.
  - Во периодот 19-30.10.2015 година во УЈП се одржа експертска мисија на тема Стратегиски менаџмент.
  - Во декември 2015 е остварена повторна средба на раководителот на мисијата Г-дин Енрико Аав со раководството на УЈП со цел преглед на досегашниот развој и клучните приоритети за реформирање на даночната управа, направениот прогрес во однос на препораките, прогресот во однос на извештите од мисиите за Управување со ризикот кај усогласеноста и Стратешко планирање и управување, потребата на УЈП за понатамошна техничка помош од ММФ како и можноста за одржување на TADAT оценувачка мисија во текот на 2016 година.
- Од страна на Центарот за развој на финансиите (**CEF**) започнат е проект за поддршка на развој на капацитетите на даночните администрации во Југоисточна Европа. Главна цел на овој проект е да допринесе во зајакнувањето на капацитетите на даночните администрации во земјите од ЈИЕ за тие да можат да се справат со предизвиците со кои се соочуваат во нивите обиди да достигнат ефективна и ефикасна примена на модерни пристапи за управување со ризикот. Овој проект ќе биде начелно реализиран во 2 години преку 14 мрежни активности со можност за продолжување на истиот за 5 години, во зависност од резултатите и можноста за понатамошно финансирање.
- На 24.03.2015 година, во просториите на УЈП се одржа мисија на **DG Taxud**, чија цел беше запознавање на DG Taxud за статусот, планирањето, прашањата и проблемите на УЈП во делот на имплементирањето на стратегијата за Интероперабилност и Интерконективност и истовремено ажурирање на оценката за степенот на знаење и подготвеност на вработените во УЈП за интерконективност и интероперабилност помеѓу националните ИТ системи и ИТ системите на земјите членки на ЕУ. Ова ќе доведе до подобро идентификување на понатамошните потреби за техничка помош на УЈП во областа на IIS и модалитетите на нејзината организација. 21-24.09.2015 година одржана е експертска мисија на тема е-Трговија, а на 14-16 октомври 2015 година – експертска мисија на тема Управување со ризик.
- УЈП зема активности во Програмата **FISCALIS 2020** со цел размена на искуства и најдобри практики со другите даночни администрации на земјите членки на ЕУ. Во месец декември УЈП беше дел од проектот на Европската комисија за превод на 12 е-Модули за ДДВ кои ќе бидат достапни и на македонски јазик: Вовед (EU VAT – Introduction), Територија (EU VAT – Territory), Оданочливи лица (EU VAT – Taxable Person), Трансакции (EU VAT – Transactions), Место на оданочливи трансакции (EU VAT – Place of taxable transactions), Дигитални услуги и Мини едношалтерски систем (EU VAT – Digital Services and MOSS), Оданочив настан и даночна основа (Chargeable event and Taxable amount), Стапки (EU VAT – Rates), Ослободувања (EU VAT – Exemptions), Право на одбивка (EU VAT – Right to deduct), ДДВ поврат (EU VAT – VAT Refund), Обврски (EU VAT – Obligations).
- Претставник од УЈП присуствуваше на **OECD** конференција на тема „Tax and the Environment“ во периодот 01-03.07.2015 година, Париз, Франција.
- На 17.03.2015 година, вработени во УЈП учествуваа на работна посета на тема „Наплата на придонеси од социјално осигурување“ одржана во Сараево, Босна и Херцеговина од страна на **Меѓународната канцеларија за труд** за Централна и Источна Европа, со седиште во Будимпешта, Унгарија.
- На 07.09.2015 година во УЈП се одржа студиска посета на делегација на даночната и царинска управа на **Република Косово**, во врска со примената на системот на Reverse Charge во градежништвото.
- Во рамки на соработката помеѓу Министерство за финансии на РМ и Холандија, се одржаа две обуки на тема ИТ ревизија во периодот октомври и декември 2015 година.

## Евроинтегративен процес

- УЈП активно учествува во изготвување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА Програма) и редовно известува во пропишаните рокови за реализација на планираните активности со Извештаи за реализација на активностите од НПАА Матрицата за периодот 2015–2017 година.
- Во месец март подготвена е Информација за напредокот на УЈП во периодот април 2014/март 2015 година и истата е презентирана на 11-от состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и

оданочување кој се одржа на 20-21.05.2015 година во Скопје.

- Од 29/09–01.10.2015, во рамки на твининг проектот на СЕП - Понатамошно јакнење на институционалните и организациските капацитети во процесот на европска интеграција – се одржа мисија со цел утврдување на состојбата и анализа на усогласеноста со европското законодавство во делот на поглавјето 3.16 Оданочување.
- Во месец август е подготвена информација за постигнатиот напредок на УЈП за периодот мај–август 2015 година за Придонесот на Република Македонија кон Извештајот на Европската Комисија за остварениот напредок.
- Во месец ноември 2015 беше изготвена и испратена до СЕП новата матрица со активности кои се во надлежност на УЈП за периодот 2016-2018 година заедно со придружните документи (наративен дел и 3 анекса: вработување, меѓународна помош ИПА, TAIEX и буџет).
- Во текот на 2015 година во УЈП се спроведуваат следните проекти од **Програмата ИПА**:
  - Во првиот квартал од 2015 година продолжи имплементацијата на ИПА 2010 Проектното фише „Подобрување на услугите на УЈП кон даночните обврзници“ (**IPA 2010/TAIB I – (PF) Improving of the PRO taxpayers services**)*. Твининг проектот продолжи да се имплементира согласно утврдената динамика, а официјалната конференција (Kick-Off-Conference) со која јавно се одбележа отпочнувањето на проектот се одржа на 04.02.2015 година во просториите на ЕУ Инфо центарот во Скопје. Согласно правилата за имплементација на твининг ИПА проекти, секој квартал се одржуваат редовни Управни комитети за следење на имплементацијата на проектот и постигнување на поставените резултати. Согласно планот за следење на проектот на 15.09.2015 година ИПА работната група спроведе On-The-Spot проверка на постигнатите резултати, изготвени излезни документи од спроведените активности, управувањето со проектот, управувањето со документацијата од имплементацијата на проектот од страна на Постојаниот твининг советник итн.
    Во однос на Проектот за реновирање на приземјето на РД Скопје, каде ќе биде сместен новиот Контакт центар на УЈП, на 05.02.2015 година беше донесен “Акционен план за подготовка и отпочнување на градежни работи на приземјето на Регионална дирекција Скопје” објавен на интранет страницата на УЈП (http://intranet/Lists/List/DispForm). Реализацијата на Акциониот план се одвива согласно утврдената динамика. На 10.02.2015 до изведувачот доставено е Известување (“Notice of Commencement date”) со кое се информира дека имплементацијата на овој проект (реновирањето) треба да започне на 20.04.2015 година. На 07.08.2015 преку МФ е доставена информација до Владата на РМ за статусот на проектот „Реновирање и адаптација на приземјето на УЈП-РД Скопје каде ќе биде сместен новиот Контакт центар / Повикувачки центар на УЈП“, со цел информирање на Владата на РМ за тековната состојба на проектот, причините за застој во планираната динамика на реализација на активностите и предлог решение за надминување на непредвидените работи. На 12.08.2015 година до ЦФЦД доставено Барање за склучување Анекс на Договорот за градежни работи со целокупната пропратна документација.На 19.08.2015 со Заклучок на 27 Седница на ВРМ беше усвоена Инфорамцијата и дадено задолжение за склучување Annex на IPA 2010 Works договорот, со кој се безбедуваат дополнителни средства за реализација на непредвидените работи, како и продолжување на периодот на имплементација за дополнителни 40 денови. Градежните работи се завршени на 20.11.2015 година и отпочнат е гаранцискиот рок.
    Проектот за набавка на опрема за Контакт центарот на УЈП и мобилни даночни шалтери, заради краткиот период за спроведување на целокупната постапка за склучување на овој договор од ИПА 2010, беше вклучен во IPA 2012-2013 Секторско фише “Private Sector Development”. Тендерската документација за овој проект е ажурирана согласно новото Проектно фише и е одобрена од ДЕУ и ЦФЦД. Тендерот е објавен на 25.04.2015 година, а од 26.06.2015 година отпочната е постапката за евалуација на доставените понуди. Заклучно со 31.12.2015 година, модификациите на проектното фише “Private Sector Development” (носител Кабинет на вицепремиерот за економски прашања), каде е вклучен проектот на УЈП, сеуште не се одобрени од ЕК во Брисел, поради што Договорите за набавка по одделните Лотови не може сеуште да се склучат.
  - На 27.03.2015 од УЈП до СЕП беше поднесено барање за Проект Зајакнување на административните капацитети и специјализација на УЈП за оданочување на даночните обврзници - физички лица (Strengthening of the administrative capacity and specialization of the PROs performance for taxation of taxpayers – individuals). На 20.07.2015 година од Делегацијата на ЕУ беше одобрено Барањето за проект и за имплементација на овој проект се обезбедени средства во вредност од 200.000 ЕУР. Изготвена е проектна задача од страна на работната група формирана од претставници на неколку клучни функции во УЈП и истата е доставена на разгледување до ЦФЦД и ДЕУ на 01.12.2015 година. На барање на ДЕУ од 15.12.2015 година, а со цел да се продолжи со процесот на разгледување на проектната документација, УЈП достави допис на 28.12.2015 година со кој се обврзува дека ќе го имплементира софтверот кој ќе се добие од проектот. Се чека одговор од ДЕУ за да се продолжи со измените на проектната документација согласно забелешки на претставници на ДЕУ од состанок 15.12.2015 година.

**IPA 2010/TAIB I – (PF) Improving of the PRO taxpayers services* – *ИПА 2010 проектот на УЈП, во висина од 1.560.000 евра ќе обезбеди подобрување на услугите на УЈП кон даночните обврзници преку реализација на три меѓусебно поврзани договори: Twinning, Works и Supply.*

***Твининг договорот*** *во висина од 800.000 евра ќе обезбеди поддршка за подобрување на услугите кон даночните обврзници, подршка во процесот на проширување и подобрување на Контакт центарот на УЈП, како и подобрување на функционирањето на даночните шалтери на УЈП. Договорот со твининг партнерот – Даночната администрација на Шпанија е склучен на 26.11.2014 година, а истиот официјално отпочна да се реализира од 06.12.2014 година, со пристигнувањето на Постојаниот твининг советник (RTA) во Република Македонија. Твининг проектот ќе се реализира во период од 2014 до 2016 година, односно завршува на 05.12.2016 година.*

*Со* ***Договорот за изведување градежни работи (Works)*** *во висина од 280.000 евра е планирано реновирање на првиот кат на Регионалната дирекција Скопје, каде ќе биде сместен Контакт центарот на УЈП. Договорот со најдобриот понудувач е потпишан на 26.11.2014 година. Новото опкружување на Контакт центарот на УЈП треба да биде завршено до крајот на 2015 година.*

*Со* ***Договорот за набавки (Supply)*** *во висина од 480.000 евра е планирана набавка на канцелариска опрема, хардвер, софтвер, видео надзор итн. за комплетно опремување на новите простории на Контакт центарот на УЈП, како и мобилни даночни шалтери. Тендерската документација за Supply договорот е официјално одобрена од ДЕУ на 19.09.2014 година. Поради задоцнетото одобрување на тендерската документација и неможноста за почитување на предвидените временски рокови за спроведување на тендерска постапка и склучнување на договорот најдоцна до 01.12.2014 година, обезбедени се финански средства за реализација на овој договор преку Секторското проектно фише ИПА 2012-2013 “Private Sector Development”.*

# СТАТИСТИКИ



| РЕГИСТРАЦИИ | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **РЕГИСТРИРАНИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ** | **315,813** | **329,837** | **104.44** |
| • Правни лица | 126,391 | 129,469 | 102.44 |
| • Вршители на дејност | 189,422 | 200,368 | 105.78 |
| ▸ Земјоделци | 165,567 | 175,204 | 105.82 |
| • Новорегистрирани | 19,522 | 21,987 | 112.63 |
| • Одјавени | 10,871 | 7,963 | 73.25 |
| Даночни обврзници - граѓани | 244,361 | 471,218 | 192.84 |
| Обврзници за данок на вкупен приход | 49,264 | 47,816 | 97.06 |
| Неактивни даночни обврзници | 9,347 | 8,032 | 85.93 |
| • Правни лица | 6,270 | 5,055 | 80.62 |
| • Вршители на дејност | 3,077 | 2,977 | 96.75 |
| **ПОДРЕГИСТРИ** | | | |
| **РЕГИСТРИРАНИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА ЦЕЛИ НА ДДВ** | **34,453** | **39,520** | **114.71** |
| ▸ Месечни | 4,891 | 5,038 | 103.01 |
| ▸ Тримесечни | 29,562 | 34,482 | 116.64 |
| • Новорегистрирани | 2,818 | 8,020 | 284.60 |
| • Дерегистрирани | 3,075 | 2,953 | 96.03 |
| – По барање на обврзникот | 263 | 128 | 48.67 |
| – Бришење од регистер на даночни обврзници | 736 | 810 | 110.05 |
| – Нема промет во предходна година | 1,761 | 1,752 | 99.49 |
| – Нема промет во две предходни години | 33 | 17 | 51.52 |
| – Прекинување на ДДВ регистрација заради поврзување со друго лице | 44 | 40 | 90.91 |
| – Не може да се најде на адреса | 0 | 0 | |
| – Заради неподнесени ДДВ пријави | 238 | 206 | 86.55 |
| **ОБВРЗНИЦИ ЗА Е-ДАНОЦИ** (активни) | **94,157** | **112,637** | **119.63** |
| **ОБВРЗНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ** | | | |
| Издадени кодови за идентификација во последниот месец од годината | **74,996** | **75,374** | **100.50** |
| **ФИСКАЛНА ОПРЕМА ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПАЌАЊА** | | | |
| Фискална опрема ставена во функција | 28,139 | 33,299 | 118.34 |
| Фискализирани даночни обврзници со ГПРС | 13,816 | 23,338 | 168.92 |
| **ПРИМЕНИ И ОБРАБОТЕНИ ДАНОЧНИ ПРИЈАВИ** | | | |
| ДДВ (ДДВ-04) | 193,021 | 223,203 | 115.64 |
| ▸ Месечни | 70,776 | 74,211 | 104.85 |
| ▸ Тримесечни | 108,328 | 148,992 | 137.54 |
| ▸ Годишни | 13,917 | | |
| Даночни биланси за данок на добивка (ДБ-ДД) (прокнижени) | 23,620 | 23,136 | 97.95 |
| Даночни биланси за данок на вкупен приход (ДБ-ВП) (прокнижени) | 49,683 | 48,022 | 96.66 |
| Данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката ДД-ИД | 5,286 | 5,419 | 102.52 |
| Месечни пресметки за интегрирана наплата на бруто плата (МПИН) | 1,227,547 | 1,276,179 | 103.96 |
| Годишни даночни пријави за персонален данок на доход (ПДД-ГДП) | 177,278 | 422,242 | 238.18 |
| Даночни биланси за персонален данок на доход на СВД | 11,039 | 10,477 | 94.91 |
| Годишни извештаи за исплатени приходи (ПДД-ГИ) | 80,177 | 66,184 | 82.55 |
| Годишни извештаи за исплатени приходи при откуп на земјоделски производи од физички лица “ПДД-ГИ/ОЗП“ | 1,106 | 1,202 | 108.68 |
| Аконтативни даночни пријави за приходи од имот и имотни права | 19,965 | 21,945 | 109.92 |
| Аконтативни даночни пријави за приходи од капитални добивки | 181 | 188 | 103.87 |
| Аконтативни даночни пријави за други приходи | 969 | 778 | 80.29 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **РЕШЕНИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК** | | | |
| Годишни решенија за утврден персонален данок на физички лица | 244,361 | 469,059 | 191.95 |
| Годишни решенија за паушално утврден ПДД | 4,212 | 6,403 | 152.02 |
| Годишни решенија за паушално утврден ПДД на земјоделци | 67,560 | 69,928 | 103.51 |
| Аконтативни решенија за ПДД од капитални добивки | 496 | 175 | 35.28 |
| Аконтативни решенија за ПДД од приходи од имот и имотни права | 10,424 | 11,423 | 109.58 |
| Аконтативни решенија за ПДД од други приходи | 1,252 | 782 | 62.46 |
| Решенија за приписи и отписи по сите основи | 14,307 | 6,534 | 45.67 |
| Решенија за радиодифузна такса | 6,182,666 | 6,043,315 | 97.75 |
| Решенија за утврдување данок заради неподнесена даночна пријава ПУТВ | 679 | | 0.00 |
| Решенија од контрола на ДДВ | 1,479 | 1,307 | 88.37 |
| **Решенија од контрола на ДД** | 277 | 333 | 120.22 |
| **Решенија од контрола на ПДД** | 1,010 | 1,018 | 100.79 |
| **РЕШЕНИЈА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА НАПЛАТА НА ДАНОК** | | | |
| Решенија за враќање на повеќе и погрешно платен данок | 1,156 | 963 | 83.30 |
| Решенија за пренасочување на погрешно платен данок | 1,366 | 1,304 | 95.46 |
| Решенија за отстапување на побарување и решенија за пребивање на повеќе платениот данок со даночен долг | 4,359 | 8,027 | 184.15 |
| Решенија за враќање ДДВ на посебни субјекти | 1,726 | 1,671 | 96.81 |
| Цесии | 3,403 | 2,470 | 72.58 |
| Репрограм на долгови | 508 | 440 | 86.61 |
| **УВЕРЕНИЈА И ПОТВРДИ** | | | |
| Издадени уверенија на даночни обврзници за платени даноци | 163,212 | 122,024 | 74.76 |
| Издадени заклучоци на даночни обврзници за неплатени даноци | 3,876 | 1,071 | 27.63 |
| **ОПОМЕНИ ЗА НЕПЛАТЕНИ ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ** | 477,017 | 243,984 | 51.15 |
| Данок на додадена вредност | 58,208 | 42,766 | 73.47 |
| Данок на добивка | 12,445 | 12,122 | 97.40 |
| Персонален данок на доход | 53,630 | 35,419 | 66.04 |
| „Бруто-плата“ (ПДД и придонеси од плата) | 76,060 | 96,460 | 126.82 |
| Радиодифузна такса | 274,868 | 54,855 | 19.96 |
| Други јавни давачки | 1,806 | 2,362 | 130.79 |
| **РЕШЕНИЈА ЗА ПРИСИЛНА НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ** | 140,845 | 277,379 | 196.94 |
| Од парични средства (за „Бруто-плата“) | 40,813 | 63,965 | 156.73 |
| Од парични средства од сметки на должникот | 34,947 | 33,293 | 95.27 |
| Од движни предмети на должникот | 15,010 | 6,989 | 46.56 |
| Од готови пари и хартии од вредност на должникот | 111 | 205 | 184.68 |
| Од парични/непарични побарувања од должников должник | 184 | 50 | 27.17 |
| Од недвижности на должникот | 59 | 72 | 122.03 |
| Од 1/3 од примањата од плата на должникот | 371 | 488 | 131.54 |
| Од парични средства од сметките на должникот и од 1/3 од плата (за РДТ) | 49,350 | 172,317 | 349.17 |
| **ОТВОРЕНИ СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ ЗА НАПЛАТА НА ДОЛГ** | **101** | | **0.00** |
| Долг во стечајни постапки | 1,919,831,300 | 1,428,322,527 | 74.40 |
| Наплатен долг во стечајни постапки | 9,656,573 | 29,163,644 | 302.01 |
| **ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ** | | | |
| Поведени постапки за порамнување | 3,776 | 3,579 | 94.78 |
| Издадени платни налози (број) | 6,768 | 6,673 | 98.60 |
| Издадени платни налози (износ) | 465,310,756 | 347,429,258 | 74.67 |
| Спроведени постапки за порамнување | 746 | 593 | 79.49 |
| Наплата по издадени платни налози (број) | 1,301 | 966 | 74.25 |
| Наплата по издадени платни налози (износ) | 64,390,082 | 37,234,393 | 57.83 |
| **ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА** | | | |
| Поднесени барања | 5,780 | 4,631 | 80.12 |
| Вкупно донесени одлуки | 11,510 | 13,127 | 114.05 |
| Одлука за прекршок изречена глоба (износ) | 871,308,109 | 814,421,736 | 93.47 |
| Платена глоба во рок и по опомена (број) | 789 | 850 | 107.73 |
| Платена глоба во рок и по опомена (износ) | 29,947,188 | 27,543,009 | 91.97 |
| **ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА** | | | |
| Примени жалби (жалби и тужби во 2015) | 2,319 | 2,129 | 91.81 |
| Жалби доставени до Министерство за финансии | 2,062 | 1,890 | 91.66 |
| Одлучување по жалба во УЈП | 202 | 173 | 85.64 |
| **КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ** | | | |
| Кривични пријави | 93 | 26 | 27.96 |
| Даночно затајување | 52 | 16 | 30.77 |
| Износ на даночно затајување | 529,875,769 | 83,128,611 | 15.69 |
| Симнување или оштетување на службен печат или знак | 10 | 3 | 30.00 |
| Кривични пријави по други основи | 31 | 7 | 22.58 |
| Лажен стечај и други кривични дела во врска со стечајот | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ** | **7,194** | **7,914** | **110.01** |
| Контрола на данок на додадена вредност | 2,593 | 2,615 | 100.85 |
| Контрола на данок на добивка | 538 | 570 | 105.95 |
| Контрола на персонален данок на доход | 1,792 | 1,832 | 102.23 |
| Контрола на данок по задршка | 8 | 7 | 87.50 |
| Контола на нерегистрирани даночни обврзници | 16 | 6 | 37.50 |
| Контрола на игри на среќа | 58 | 30 | 51.72 |
| Контрола на платен надоместок за концесии | 15 | 28 | 186.67 |
| Контрола на деловни односи | 272 | 167 | 61.40 |
| Контрола на технички-технолошки услови за организирање на игри на среќа | 532 | 377 | 70.86 |
| Увид во состојба на залихите | 26 | 7 | 26.92 |
| Други контроли | 1,344 | 2,275 | 169.27 |
| **БРОЈ НА КОНТРОЛИ СО УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ** | **2,849** | **3,182** | **111.69** |
| **НОВОУТВРДЕН ДАНОК ВО ПОСТАПКА НА КОНТРОЛА** | **2,502,747,416** | **2,338,079,277** | **93.42** |
| Новоутврден ДДВ | 1,257,763,220 | 888,209,517 | 70.62 |
| Новоутврден ДД | 444,207,685 | 538,517,447 | 121.23 |
| Новоутврден ПДД | 613,368,291 | 580,110,997 | 94.58 |
| Други новоутврдени давачки | 187,408,220 | 331,241,316 | 176.75 |

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
Бул. „Кузман Јосифовски - Питу” бр.1, 1000 Скопје
е-пошта: info@ujp.gov.mk
Инфо центар 0800 33 000
www.ujp.gov.mk